**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Третото продолжение на Педесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 25 јули 2007 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 12,12 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Иван Анастасовски, потпретседател на Собранието.

**Иван Анастасовски:** Почитувани колеги, продолжуваме со работа по 55-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Радмила Шеќеринска, Тале Герамитчиоски, Љубчо Георгиевски, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Даут Рецепи, Елмазе Селмани, Фазли Велиу, Блерим Беџети, Али Ахмети, Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Теута Арифи, Даниел Дончев и Фијат Цановски, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2007 година.

Продолжуваме со општиот претрес по Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2007 година.

По редоследот на пријавените, има збор пратеник господин Серафимов Влатко, повелете.

**Влатко Серафимов:** Почитуван господин потпретседателе, почитуван господин министер, почитувани колеги пратеници.

Жално е пратениците не се во салата, не се заинтересирани за ребалансот на Буџетот, меѓутоа ред е да се обратам и да искажам едно мое видување на ребалансот на Буџетот за 2007 година.

Од најавите на предизборната програма на владеачката партија во Република Македонија, на ВМРО-ДПМНЕ, гледаме дека многу работи кои беа ветувани пред изборите во овој ребаланс, па и во Буџетот на Република Македонија кој што беше донесен кон крајот на 2006 година, гледаме дека некои работи кои што ги ветуваа не се ставени и многу се отстапува од предизборните ветувања. Меѓутоа, јас би почнал со ред.

Во ставката за инвалидни пензии имаме разидување на пишувања од страна на министерот за труд и социјална политика и на премиерот на Владата на Република Македонија. 300 илјади евра наменети за таа намена дали се базираат за пензии или социјална помош или не знам како ќе ги наречете, за жртвите на воениот конфликт односно на инвалидите на воениот конфликт во 2001 година. Сметам дека тоа е прашање кое што е многу дискутабилно, бидејќи не се само тие социјални случаи во Република Македонија, туку имаме многу повеќе социјални случаи на кои што треба да им се реши нивниот статус.

За одбележување е и фактот дека на десетина барања од страна на Сојузот на борците на Република Македонија, тоа е еден игнорантски однос на Владата на Република Македонија и нивните барања секогаш завршуваат некаде и во недоглед. Сметам дека и оваа организација треба да биде вклучена во ребалансот,а треба да биде вклучена и во нивните активности, треба да бидат испочитувани од страна на Владата на Република Македонија. Факт е дека премиерот Груевски ги игнорира средбите организирани од страна на Сојузот на борците на Република Македонија. Зошто е тоа така, времето ќе покаже. Кога сум веќе кај социјалните случаи, сакам да напоменам дека во Република Македонија има една група на луѓе кои што се тука близу до нас карши Собранието и тие никад не се вклучени, ниту има на повидок некое решение. Во предизборните ветувања, сегашната Влада имаше ветување дека ќе се реши статусот со врботувањето, ќе се реши статусот на незнам каков наичин, меутоа гледаме дека статусот на тие луѓе не се решава. Дали коалициониот партнер кој што ветуваше брда и долини на ВМРО-ДПМНЕ, новата Социјалдемократска партија има подготвено закон со кој што ќе им го реши проблемот на стечајните работници. Меѓутоа, сметам дека сето тоа е паднато во вода. Исто така, сакам да кажам дека има и една друга група на луѓе кои беа опфатени со ФЕСАЛ 2 аранжманот, тоа се група на луѓе на кои им беа исплатени придонесите, меѓутоа дел од паричните средства кои што требаше да ги добијат од ФЕСЛ 2 аранжманот не се добиени и тие сега се во една судска процедура со Владата на Република Македонија и не знам до каде е сотојбата. Станува збор за вработените од АТОМ Кочани, Борис Кидрич-Кочани, Жито ориз, се со една единствена цел овие средства кои што им следуваат на луѓето од ФЕСАЛ 2 аранжманот паричните средства, сметам дека ќе си го решат сами социјанлиот статус со отворање на свои приватни бизниси. Мѓутоа, тоа е само еден дел кој што се однесува на социјалата, а од инвестициите и натаму нема ништо.

Сакам да кажам дека во последно време во Република Македонија се отвораат по градовите народни кујни. Народните кујни за мене се само еден политички маркетинг на Владата на Република Македонија, за да ги задоволи барањата на одредена групација на луѓе. Замислете и ставете се во ситуација да бидете странски инвеститор во Република Македонија и кога ќе дојдете во Штип или во другите градови, последно беше отворањето на народна кујна во Штип или во другите градови кога ќе дојдат и ќе видат редица на луѓе кои чекаат пред народните кујни за да земат еден оброк.

Дали вие почитуван господин министер, би инвестирале во таква држава, во која што ќе гледате во секој поголем град редица на луѓе кои што чекаат да добијат еден оброк. Сметам дека тоа е само еден политички маркетинг. Ако во

предизборието ветувавте економски бум во Република Македонија и ако ветувавте дека социјалниот статус на граѓаните на Република Македонија ќе го решите преку врботување, сметам дека со народните кујни сте еден чекор уште подалеку од решавањето на социјалниот статус на граѓаните на Република Македонија.

Во ребалансот на Буџетот наместо да имаме најголеми средства за инвестиции во Република Македонија, ние имаме најголем дел во зголемување на ставките кои што не се инвестиции. Така, сакам да кажам неколку работи околу предложениот ребаланс, кај ставката договорни услуги. Во Владата на Република Македонија договорните услуги се зголемуваат од 234 илјади, на 588, односно за 354 милиони денари. Во Службата за општи и заеднички работи постои драстичен пораст и тоа за 48 милиони денари. Најголемиот дел од средствата нема да се искористи за инвестиции, туку ќе се искористат неинвестициски односно за подобрувањето на услугите и стандардите на одредена групација на луѓе кои што се вработени во државната администрација и во јавните институции. Во Владата има забележителни промени кај неинвестициските ставки. Така на пример други тековни расходи се зголемуваат за 46 милиони денари. Купување на мебел, опрема, возила и машини за еден милион денари, а вие во експозето на премиерот беше кажано дека ставките за купување на мебел, опрема и возила ќе бидат нула. И со Буџетот и со ребалансот на Буџетот, гледаме дека овие ставки не се нула. Понатаму, два милиони и 582 илјади денари патни и дневни расходи за четири милиони 470 илјади денари и за разни расходи се предвидуваат еден ипол милион денари. Важно е да се напомене што оваа појава на финансирање на неинвестициските активности е придружена и со намалување на средствата потребни за финансирање на реформите во Република Македонија односно на реформите на јавната администрација. Така, за финансирање на реформите во јавната администрација, намалувањето е за 9,4 милиони денари. Ако тргнеме по ред по министерства, ќе видиме дека дневните расходи скоро во секое министерство се зголемуваат, меѓутоа вака уочливо е во Министерството за правда, Владата ги намалува средствата за реформи во судството за пет милиони денари. Самите знаеме дека главен проблем околу интеграциите во Европската унија и оклу НАТО интеграциите се судските реформи во Република Македонија. Како ние ќе ги истуркаме судските реформи во Република Македонија ако им ги намалуваме и овие средства. Тоа е прашање на кое што мислам дека ќе заслужиме одговор, а исто така би сакал да кажам дека со овој ребаланс се предвидени дополнителни 170 милиони денари за купување и изградба на амбасади. Дали економскиот бум во Република Македонија ќе се базира врз купување на амбасади и врз опремувањето на амбасадите на Република Македонија во Европа и во светот. За жал граѓаните на Република Македонија нема ништо да осетат со изградбата и со купувањето на амбасади на Република Македонија.

За развојната слободна економска зона се предвидуваат дополнителни средства во износ од 441 милион денар. Исто така и за Агенцијата за странски инвестиции се доделуваат дополнителни 37 милиони денари за субвенции и трансфери.

Почитуван министер, добро е што се издвоени овие средства за слободните екномски зони и за субвенции за Агенцијата за странски инвестиции. Меѓутоа сметам дека наши стопанственици се запоставени во овој ребаланс на Буџетот. Дали ние ќе се базираме само на странски инвестиции а нашите стопанственици ќе ги оставиме во втор лан, тоа е прашање за кое што многу наши стопанственици кои што плаќаат давачки во Република Македонија се загрижени и засегнати за нивната иднина. Дали со отварањето на слободни економски зони треба дел од капацитетите на постоечките фирми да се преселат во тие слободни економски зони, се со цел тие да профункционираат и регионалниот развој на Република Македонија, кој што тука го бранеше почитуваниот екс министер за локална самоуправа госодинот Коњановски, кој што се залагаше за рамномерен регионален развој на Република Македонија и кој што успешно мислам го спроведе тој регинален развој. Меѓутоа сега доаѓаме до концентрирање во едни определени економски развојни зони, во одредени градови, а се со цел другиот дел од Република Македонија да биде запоставен и занемарен. Меѓутоа тоа ќе го согледаме откако ќе профункционираат слободните економски зони, а сега за сега, како што стојат работите гледаме дека ниту една слободна економска зона во Република Македонија не функционира, со исклучок на слободната економска зона во Бунарџик, близу Скопје, која што почна дел од градежните работи на Џонсон Контрол се завршува.

Агенцијата за млади и спорт, платите, наемнините и надоместоците за вработените се зголемуваат за еден милион денари. Другите тековни расходи од проектираните 900 илјади се зголемуваат на 4,5 милиони или за 3 милиони и 600 илјади денари повеќе.Посебно за истакнување е кај Агенцијата за млади и спорт, издвоените средства за изградба на спортски сали.

Почитуван господин министер,

Во ваше време, додека бевте министер за развој во Владата на господинот Љубчо Георгиевски, беа отпочнати 35 спортски сали во Република Македониа. Дали ги заборавивте тие спортски сали, или сега ќе градиме нови спортски сали а тие ќе останат како историски споменици во Република Македонија. Не сум да градиме нови спортски сали, а старите спортски сали кои што делумно беа изградени се оставени на забот на времето. Дајте да ги завршиме прво тие спортски сали, па потоа градете нови. Дали ќе има кој да

влезе во тие спортски сали. Или и ова ќе биде уште еден маркетинг на Владата на Република Македонија дека ќе градиме спортски сали, а со спортските сали што ќе биде, тоа Господ знае. Наместо да изградиме северна трибина на Градскиот стадион, немаме фудбалска репрезентација, нема кој да име на таа северна трибина. Кажете ми кога последен пат се наполнил Градскиот стадион во Скопје, на кој првенствен натпревар на репрезентацијата на Македонија. Не зборам за клубски натпреварувања. Таму па никој пат не е наполнета, од осамостојувањето на Република Македонија. Меѓутоа тоа е стратегијата и тоа е одлука на Владата која што ќе се темели на политички маркетинг и на зголемување на популарноста.

Превирањата во Фудбалскиот сојуз на Македониjја во Фудбалската федерација на Македонија, се уште еден показател дека фудбалот во Република Македонија е во криза. А, ние ќе градиме северна трибина за да го привлекуваме вниманието на граѓаните дека во Република Македонија се е како што треба во Фудбалската федерација на Македонија и дека фали уште северната трибина и македонската репрезентација во фудбал да бележи значителни резултати. Сметам дека овие средства кои што беа наменети и кои сеуште се наменети, имате шанса да ги корегирате. Шансата ја гледам во тоа што, наместо во овој период да ја градиме северната трибина, наместо во овој период да градиме музеи или домови на ВМРО или не знам на кого друг, да набавиме по едно возило противпожарно за секоја територијална единица во Република Македонија. На тој начин ќе придонесеме и до зачувување на природното богатство во Република Македонија, на тој начин ќе придонесеме за една поголема лагодност на луѓето кои што работат во овие институции. Меѓутоа, ние овој период сите противпожарни единици во Република Македонија се соочија со главниот проблем, немаат опрема. Опремата со децентрализацијата, не може да дојде една локална единица на локална самоуправа да финансира во купување на возила и опрема на противпожарните единици. Тоа е интерес на сите нас.

Дадовме повеќе амандмански забелешки околу набавката и на против пожарни возила и на регулирање на патишта кои ќе овозможат полесен пристап на противпожарните возила до загрозените подрачја во Република Македонија. Тоа не е со цел да добиеме политички поени. Во планинските делови од Источна Македонија живеат не повеќе од 20 до 30 луѓе во едно населено место. Не се добиваат политички поени ако се изгради некој пат односно да биде тампониран, не да биде асфалтиран, во некое планинско место кое ќе поврзува две села и кое на тој потег живеат 50 или 70 луѓе, не повеќе од 100. Не се тоа политички поени, тоа е интерес на државата. Со тие гласови, сите знаеме, нема никој да ги добие изборите. Меѓутоа, ќе бидат од големо значење за природните богатство во Република Македонија.

На крајот, не сакам да бидам многу долг, меѓутоа сакам да се осврнам и на една друга проблематика. Министерството за животна средина и просторно планирање средствата кои се наменети за заштита на животната средина, вие како Министерство за финансии треба да имате контролен механизам како и зошто се користат. Ако овие средства се искористеа правилно, иако беа мали, верувајте немаше да дојде Република Македонија во ваква криза. Немаше Република Македонија да гори секој дел од државата. Превентивата е главниот проблем во Република Македонија за сузбивање на пожарите. Затоа ви предлагам средствата кои се предвидени за заштита на животната средина односно за Министерството, да бидат зголемени се со единствена цел да се поставаат чувари, да се поставаат заштитни механизми, за да не дојде до подметнување на пожари во Република Македонија. Нема парче земја од нашата држава што не гори во овој момент. Вие како министер за финансии имате должност да ги контролирате и министерствата, имате должност да им сугерирате како да ги потрошат парите ако не знаат. Тоа не е случај само со Министерството за животна средина и просторно планирање, тоа е случај и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, меѓутоа, не сакам да зборувам повеќе за пожарите во Република Македонија бидејќи е една трагедија за сите нас, без разлика дали сме опозиција или позиција, штета е за Република Македонија што речиси сите шуми се во пламен.

На крајот, почитуван министер би апелирал до вас, барем дел од амандманите кои се поднесени во интерес на Република Македонија, во интерес на заштитата на природните богатства на Република Македонија да ги прифатите и доколку имаме можност и сенс од страна на владеачкото парламентарно мнозинство ние ќе апелираме овие амандмани да поминат се со цел најзагрозените градови во Република Македонија да добијат по едно противпожарно визило, без разлика дали во нив градоначалниците се од СДСМ или од ВМРО ДПМНЕ или од друга политичка партија. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам почитуван колега.

Продолжуваме понатаму.

Има збор пратеникот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министер,

Ќе се потрудам во своето излагање да бидам што пократок и најголем дел од својата дискусија ќе ја сконцентрирам на она што значи економски дел од политиките на Владата во реализација на

Буџетот и движењето во економијата и тенденциите кои ги очекуваат во наредниот период да се остваруваат во Република Македонија.

Искрено, жал ми е, што расправата по Буџетот пробудува многу малку внимание овде во Собранието, бидејќи и кога се носи Буџет и кога се носи ребаланс сепак преку него се прекршува целата политика што Владата сака да ја води или планира да ја води и се даваат јасни насоки каде ќе се движи Република Македонија во наредниот период.

На самиот почеток би сакал да кажам нешто околу стартната основа со која оваа Влада го започна својот мандат во Република Македонија во делот на економијата. Кога се изврши промена на власта, буџетските средства беа на солидно ниво во Буџетот на Република Македонија, девизните резерви исто така беа на доста високо ниво, фискалната политика се остваруваше исто така доста добро, значи, во тој дел генерално и монетарната политика Владата немаше некои посебни проблеми кои мораше да ги исправа туку едноставно можеше да ги продолжи насоките и тенденциите кои беа поставени од претходната Влада.

По однос на ситуацијата и моментот во кој во наредниот период Владата имаше простор да ги остварува своите политики, оваа Влада има еден простор од 3 години во кој нема никакви избори во Република Македонија во кои немаше некои политички крупни нерешени прашања, значи имаше еден простор во кој можеше комотно да ја реализира својата предизборна програма, Преродба во 100 чекори, со која ветуваше дека во Република Македонија ќе се случат многу позитивни работи и дека Република Македонија ќе тргне напред. Значи, една позиција која ниту една Влада до сега во Република Македонија немала таква стартна позиција и, за жал, по една година од мандатот можеме да констатираме дека една година џабе се потрошила во Република Македонија и Владата не успеала да ги користи тие добри стартни основи и да реализира голем дел од својата политика или барем да создаде предуслови тенденциите кои ги напишаа во својата предизборна програма Преродба во 100 чекори, да почнат да се реализираат.

Ќе се обидам преку одредени податоци да го аргументирам тоа.

За првиот квартал едно од главните тежишта на кои Владата промовира дека постигнала успех во Република Македонија е порастот на бруто домашниот производ и видовме дека Државниот завод за статистика испадна со податоци дека тој во првиот квартал од 2007 година изнесува 7%, што Владата тогаш го поздрави и испадна со проекти дека можеби ќе се оствари повеќе од проектираното, но сега гледаме дека во Буџетот сепак ретерирале дури од првичната проекција која беше дадена по Предлогот на буџетот, таму стоеше 6 до 7%, а сега во ребалансот стои 6,1% се предвидува пораст на бруто општествениот производ, што е добро, бидејќи после тој раст од првиот квартал тенденциите кои ги покажува економијата сепак не одат во прилог дека можеби ќе се оствари долгорочен и стабилен равој во текот на целата година.

Ако во првиот квартал имаме пораст на индустриското производство од 7% веднаш потоа во наредните месеци имаме драстичен пад на индустриското производство во Република Македонија.

Според официјалните податоци на Државниот завод за статистика на пример индустриското производство во 5-от месец од 2007 година во однос на 4-от месец од 2007 година е помало за 4%. Во однос на базната година која Заводот за статистика ја зема како индекс 100 односно 2005 година како година во која е остварен најголем пораст на бруто општествениот производ, значи индустриското производство е помало за 0,8% или во 5-ти месец 2007 година во однос на 5-ти месец 2006 година индустриското производство има пад од 5,8%.

Ако ја погледнеме структурата по дејности каде се извршило зголемување на индустриското производство а каде намалување, ќе видиме исто така дека голем дел од растот се должи на неколку стопански гранки така на пример во делот на вадење на руди и метали имаме зголемување во периодот од 1 до 5 месец 2007 година во однос на 1 до 5 месец 2006 година имаме зголемување од скоро 140%. Тоа се должи пред се на рестартирањето на рудниците кое е извршено во текот на 2006 година и нивното отпочнување со производство. Исто така имаме остварено значително зголемување во производството и во делот на производство на основни метали некаде над 53% и во делот на производство на машини и уреди исто така 54%.

Сега, ако ја погледнеме оваа структура или овие дејности каде се остварува пораст на индустриското производство сепак не дава надеж господине министер дека тенденциите ќе продолжат додека во сите други гранки имаме или задржување на истото ниво на производство или намалување на индексите на пораст на производството.

Од ова можеме да заклучиме, а се надевам дека ќе сакате да дебатирате со нас и ќе испаднете со аргументи, вчера слушнавме при изјавите Меѓународниот монетарен фонд нивните проценки се дека можеби ќе се натфрли, но дека се три клучни области каде очекуваат да има пораст на производството на метали, телефонскиот сообраќај и сообраќајот како дејност. Значи, немаме она што велите вие диверзификација во поголем број на дејности, туку се се темели на добрата конјунктура и добрата цена на металите на светските берзи и зголемување на производството на оние индустриски капацитети во Република Македонија кои работат како што се Железарницата, Митал,

Фени и тоа не дава добри прогнози дека и во наредниот период ќе се оствари некој поголем пораст.

Тоа сигурно ќе ги доведе во прашање и да се надевам и Владата ќе направи проценка дали вашите политики околу поттикнувањето на производството ќе може да дадат резултати. Знаеме дека вие вашата економска програма ја базиравте пред се на привлекување странски инвестиции, тие сеуште ги нема, само во овој момент имаме трошење пари за реклами, а немаме никакви најави дека некои позначајни странски инвеститори ќе дојдат во Република Македонија.

Дали во тој случај Владата планира своите средства за поддршка на економијата да ги насочи кон претпријатијата во Република Македонија односно дали ќе испаднете со појасна програма за поддршка на економијата на домашните претпријатија.

Навистина мислам дека што побрзо го сфатите овој факт и пред се своите напори ги насочите да дадете поддршка на домашните претпријатија во делот на нивното развивање, резултатите сигурно ќе бидат подобри и порастот на бруто општествениот производ ќе биде пореален. Но, тоа е ваша одлука, ваша концепција, се надевам дека ќе успее во интерес на Република Македонија, но досегашните резултати не не охрабруваат и не даваат повод да се надеваме дека нешто позитивно ќе се случи околу привлекувањето на странските инвестиции. А дека има простор во домашната економија исто така во податоците на Државниот завод за статистика има податок дека преработувачката индустрија во Република Македонија својот капацитет го има искористено на ниво од 62 - 63%, тоа е добра можност дека има простор за унапредување, но очигледно тие како главни проблеми ги посочуваат и недоволната побарувачка, несигурниот економски амбиент, но и недоволната поддршка од Владата и можеби од банките.

Исто така, би сакал да се осврнам и во однос на вашата политика во делот на земјоделието, иако еуфорично истапивте со тврдења дека оваа Влада како никоја до сега издвоила многу средства за развој или помагање на земјоделците во Република Македонија.

Една од првите мерки што ја донесовте беше да се намали ДДВ на земјоделските репроматеријали од 18 на 5%. И сега исто така гледајќи ги податоците на Државниот завод за статистика иако тие даваат некое видување за движењето може да видиме дека импутот односно индексот на импутот на цените на земјоделските производи во Република Македонија е зголемен за 2%, што значи дека репроматеријалите на кои што вие ги намаливте давачките по основ на ДДВ не само што не дадоа ефект, туку сега земјоделците дури плаќаат и поскапи репроматеријали, а интенцијата на вашата мерка беше да им олесните во делот на набавката на материјалите и да го поефтинат производството да можат да видат поконкурентни.

Имаме зголемување и кај цените на репроматеријалите за тековно производство но и цените на матријалите кои што во земјоделието се рачунаат како инвестиции. Значи и оваа ваша мерка во делот на земјоделитето и помина така да кажам моќта или важноста и сега сериозно Владата треба да размислуваа околу земјоделието да понуди конкретна програма, конкретни решенија а не да се обидува да гаси пожари, туку навистина на Република Македонија во делот на економијата, на земјоделието и е потребен јасен стратегиски план и во таа насока веројатно и субвенциите кои што ги планиравте да ги делите оваа година за жал ќе ги добијат многу мал број земјоделци затоа што наметнавте и голем број на документи што треба да поднесат но и високи критериуми повторно не знам од кои причини ако целта била земјоделците од прво да се помагаат и ќе овозможи да застанат на здрави нозе, сега ја ограничивте и можноста и субвенциите за кои што толку се фалевте да ги добиваат многу мал број на земјоделци во Република Македонија. А за жал, годината се погоди и многу сушна и многу штетна по многу видови на земјоделско производство во делот на приносите и сега сите од нив се прашуваат дали Владата планира да ги намали критериумите за добивање на субвенции, да го прошири основот по кој што може земјоделците да конкурираат, се со цел да се намалат загубите кои што тие како земјоделци ќе ги претрпат поради лошата година а исто така да се создадат предуслови неземјоделците да преживуваат туку да им се овозможи да размислуваат и за развој односно за инвестирање и во нови површини а веројатно и во нови средства за обработка на земјата.

Значи, генерално гледано досега вашата политика или политиката на оваа Влада во делот на економијата нема некои конкретни резултати и граѓаните сеуште тоа не можат да го почувствуваат и реално кога испадна првата проекција дека има пораст на бруто општествениот производ за 7%, сите граѓани веројатно се прашуваа од градовите каде е тој пораст и што се случува.

Еве, јас да ви кажам дека во Велес, навистина ништо се нема случено во делот на економијата. Стопанството во Велес и понатаму е во очајна состојба, не работат фабриките, невработеноста е голема, има многу нерешени проблеми во фирмите, за жал има голем број на стечајни работници на кои не сакате да им го решите проблемот, има голем број на социјални семејства кои сега ќе добијат народна кујна, но пред се мислам дека сакаат да се отвараат работни места, а не да примаат милостиња од државата. Значи, реално нема подобрување кај граѓаните по било кој основ, ниту во нивниот стандард, ниту во подобрување на нивната социјална и економска

положба. Тоа го покажува и движењето на бројот на вработентие во Република Македонија. Последните податоци од Агенцијата за вработување покажуваат дека на 30.06.2007 година бројот на невработени изнесува 366.821 невработен и дека во однос на 31 јули 2006 година, бројот на невработените во Република Македонија е зголемен за 42.280 невработени, мислам една огромна бројка. Тоа јасно покажува дека вашата економска политика сеуште не дава никакви резултати, но вие, напротив инсистирате на концептот на привлекување на директни странски инвестиции. Се надевам дека брзо ќе сватите дека тој може да го терате паралелно во делот кога прво ќе дадете приоритет на домашните компании, како би можело нависитна и граѓаните да почувствуваат подобрување на економскиот стандард.

Не би сакал многу да должам по однос на овие рпашања. Навистина праксата демантира голем дел од тврдењата на Владата, само би кажал уште неколку работи, а тоа е во делот на капиталните инвестиции. Навистина не знам што треба да се случи во оваа држава, после ваква катастрофа, Владата да поднесе амандман, да се одвојат средства за подобрување на опремувањето на оние органи кои се занимаваат со менаџирањето на кризите од предизвикувањето на пожари.

Денес Владата има седница и се надевам дека ќе намалите дел од средствата за музеи, за спортски сали, за мебел, за машини, за опрема и ќе издвоите средства за зголемување на средствата за противпожарна заштита на сите нивоа, почнувајки од локално ниво и на државно ниво, бидејки имавме можност да се увериме дека опремата со која располагаат е многу стара и дека нее функционална, а за некои терени сигурно е потребно да се обезбедат и други средства, како би можело и од воздух да се дејствува таму каде што не е пристапно.

И последната работа е да обрнете поголемо внимани на децентрализацијата. Не е добро тоа што Владата сака топката да ја префли сега па на општините да им вели, кои се чувствува подготвен да аплицира за да влезе во втората фаза. Општините имаат голем број проблеми. Дел од старите имаат проблеми со тоа што ансследија многу долгови, а успеаа успешно со дел од тие долгови да менаџираат. Ако земеме дека долговите кога почна процесот на децентрализација, мислам изнесуваат 2,8 милијарди денари, сега се намалени на 1,4 милијарди, покажува дека процесот на децентрализација функционирал во изминатиот период, а дел од новите општини поради тоа што немаат можност добро да почнат, се најдоа во долгови. Значи имате еден процес кој бара поддршка од Владата и сериозен пристап. Не е тоа политичко прашање, повеќе е прашање, ако сакате и национално, процесот на децентрализација да продолжи во најдобар правец. Но, и тука одговорноста е на вашата Влада. Се надевам дека добро ги имате испланирано средствата за отпочнување на деветолетката и имате предвидено доволно среддства за сите пробелми кои можат да се јават и задолжителното средно образование. До колку не понудите решениај за овие рпоблеми, со ваквиот ребаланс на Буџетот, мислам дека само го носите да си овозможите, или на Владата да и овозможите уште 80 милиони евра да ги потроши за непродуктивни расходи. Сепак тоа се пари на граѓаните и Република Македонија нема неограничени ресурси во делот на прибирањето на средствата. Имате реална можност, кажав на почетокот, добар слободен простор за да реализирате и добри движења во делот на фискалната политика, но очигледно немате слух за пробелмите на граѓаните на Република Македонија и расходите ги наменувате за тековни работи, многу малку капитални расходи. Значи, решавање на пробелми кои значат подобрување на стандардот и социјално економската положба на граѓаните.

Вие во вашиот ребаланс на Буџетот, како ни во Буџетот не нудите таква концепција, туку мислам дека повторно обезбедувате само повеќе средства за комоција на Владата и на минситрите.

**Иван Анастасовски:** Благодарма почитуван колега.

Има збор пратеник госпоѓа Лилјана Поповска, повелте.

**Лилјана Поповска:** Почитуван господине потпретседателе, господине министре, почитувани колеги пратеници.

Јас ќе се задржам главно на 5 теми кои се од мој интерес како пратеник, меѓутоа кои истовремено се приоритети на ДОМ. Тоа се здравствената заштита на жената, понатаму одредени прашања од социјалната политика, науката, туризмот и екологијата. Ќе одам по ред.

Во поглед на здравствената заштита на жените, може да се забележи дека Владата продолжува да ги покрива оние прашања за кои сме се договориле и тоа е добро, нема промена при ребалансот на Буџетот на двете ставки кои се од приоритетен интерес за Комисијата за еднакви можности на мажите и жените. Тоа е ставката за репродуктивно здравје и за превентивни мерки за рано откривање и третман на ракот на дојката. И во двата случаи има веќе определни суми. За прв пат оваа година, според амандман на Комисијата, министерот за финансии прифати да се отвори нова ставка за третманот на ракот на дојката и треба да се истакне дека тоа е една голема придобивка која останув апонатаму да се надградува. Значи, добро е што тие ставки и со ребалансот во целост се задржани. Но,јас само би сакала да укажам дкеа очекувам до крајот на годината, со новиот Буџет да забележиме пораст во овие две ставки, се разбира според можностите на државата. Веројатно во таа насока

ќе помогне да се види колку ќе бидат потребни зголемувања и дали ќе бидат потребни, ќе помогне и компанијата која ја договараме со Министерството за здравство и со Фондот за здравство, Комисијата за еднакви можности, во соработка, се разбира, со колешките пратенички, меѓутоа и сите пратеници и советници на локално ниво, во врска со запознавање на жените низ Македонија со новит еможности за бесплатни гинеколошки прегледи каде за прв пат Владата овозможи прегледи и за оние жени кои не се социјално осигурани. Тоа е една голема придобивка од која оваа категорија наши сограѓанки со години беа исклучени и ова ќе биде кампања што сите жени ќе можат да се запознаат со нивните права, а од друга страна гинеколозите на терен да се запознаат со нивните обврски и се разбира, со оглед на тоа што тука се вклучени и институциит екои се директно надлежни за таа област, да може да се воспостави една добра координација, добра врска и да се види каде нешто фали и колку средства и дали се потребни дополнителни средства. Значи како Комисијата за еднакви можности ова ќе го следиме и понатаму и верувам дека Владата ќе има слух за потребите за евентуално зголемување во поглед на здравствената заштита на жените. Тоа е првото прашање на кое сакав да се осврнам.

Второто прашање е социјалната политика. Тука има неколку ставки што сметам дека се битни и дека заслужуваат интерес да бидат посебно спомнати. Дозволете ми да спомнам неколку.

Во делот на вонинстутиционална социјална заштита, со ребалансот се забележува зголемување од 287 милиони на 325 милиони денари. Тоа е добро, посебно што гледаме дека во рамките на оваа вонинституционална заштита има зголемување на 200. Едната е прифатилишта за бездомни лица и жртви на семејно насилство, од 15 милиони на скоро 33 милиони денари и за дневните центри за децата на улица, корисници на дрога и децата со пречки во развојот, зголемување од 32 милиони на речиси 45 милиони денари. Значи тоа се речиси конкретни зголемувања за неколку многу осетливи категории, како што се жртвите на семејно насилство, лицата со пречки во развојот, корисници на droги и децата на улица. Мене ме радува што вниманието Владата го посветува на овие категории, затоа сум се залагала јас со години по ред, а исто така е еден од приоритетите на ДОМ како партија. Сметам дека ова се добри исчекори, но се разбира ќе треба уште многу, многу работи веројатно да се направат, затоа што сите овие области се многу деликатни, многу запоставени со години по ред и ова е област која што ќе треба да се следи и да се види каде треба да се насочат средства и како да се користат, затоа што понекогаш е исто така подеднакво важно и користењето, да бидат точно како што треба употребени.

Во поглед на социјалната политика, би сакала да спомнам уште некои области. Многу е значајно што во ставката, развој на Ромите има исто така зголемување од 9 милиони и 400 илјади денари на 12 милијони и 700 илјади денари со ребалансот и тоа е добро. Мислам дека во изминатиот период, изминатите години кога започна декадата на Ромите, како Македонија недоволно ја искористивме таа шанса, недоволно исползувавме можности што на меѓународен план стое на располагање, но јасно е дел од тие средства не успеавме д аги користиме затоа што ние како држава не вложивме во развојот на Ромите и ова е нешто што Владата може да си го стави на конто на својот успех каде изнашла средства за зголемување на таа ставка за развојот на Ромите што се популација каде што има забележително понизок развој отколку што е просечниот на ниво на Македонија. Тука, се разбира државата да доинвестира за да се постигне изедначување. Сер азбир аи тоа е ставка што е мошне деликатна и која ќе треба да се следи.

Во рамките на социјалната политика, сакам само да спомнам дека, тоа е ребаланс на Буџетот каде има пошироки ставки, не може точно да се види колку средства се издвојуваат за лицата со хендикеп. Тие се расфрлани во повеќе ставки и во делот на социјалната политика и во делот на здравствена политика и образование, меѓутоа, верувам дека по донесувањето на законот за правата идостоинството на лицата сохендикеп, што е во подготовка, знаете дека тоа е иницијатива на невладина организација, на граѓанска асоцијација и за прв пат во Република Македонија се донесе првата фаза на овој закон во минатиот мандат. Се надевам дека во овој мандат ќе имаме задоволство да го изгласаме и конечниот текст на законот за правата и достоинството за лицата со хендикеп и тогаш со помош на овој системски закон ќе може едноставно да се урамат сите рпашања што ги засегаат овие лица, каде ќе се направи усогласување во различните обалсти каде што тие лица остваруваат права. Тоа е во областа на здравствената заштита, на социјалната заштита, на образованието, а и многу пошироко, во област ана секојдневниот живот затоа што со сегашните услови има одредена неусогласеност и нема точна проценка колку средства се трошат, колку се потребни и каков е ефектот од сето тоа. Така што верувам дека тој закон ќе помогне и се надевам веќе во следниот Буџет, за следната година ќе можеме конкретно да зборуваме на конкретна тема, со конкретни средства, за лицата со хендикеп.

Уште со едно прашање во рамките на социјалната политика би го затворила и ова прашање од мој интерес.

Јас би излегла со една иницијатива и би сакала, до колку може и до колку има конкретни информации министерот да појасни дали има

шанси и какви се шансите да се обезбеди продолжување на рокот за пензионирање по старите услови што завршува на 1 септември оваа година. Тоа е рпашање кое мене ми го псотавија од Сојузот на синдикати од женската секција, но ми го поставија како координаторка на македонското женско лоби, меѓутоа има постојани јавувања до нас како пратеници, мислам дека сите имаме добиено и текстови од стран на синдикатите, за оваа тема, а се обраќаат и граѓани и граѓанки кои се заинтересирани за ова.

Јас би сакала во корист на оваа заложба да кажам само неколку податоци.

Имено, знаеме дека, ние секако треба да преминеме и преминавме на новиот начин на пензионирање и тоа е поздравенокао еден успешен реформски зафат на Македонија и генерално земено тоа е добро. Меѓутоа, уште при самото носење на тој закон пред повеќе години, направен е еден пропуст. Имено предвиден е транзиционен период од само 5 години. Тоа е многу малку, ако се знае дека во другите земји, околу 20-тина земји за кои сум добила податоци, транзициониот период се движи од 10 до 20 години. Кога зборувам за транзициони земји тука не мислам само на земјите од Југоисточна Европа, туку и на земјите од Западна Европа кои преминаа на нов начин на пензионирање каде што има само еден услов, а тоа е старосната граница. Значи сите земји размослуваат за тоа дека е потребно да им дадат подеднакви услови на своите граѓани и оние кои ќе се најдат по транзициониот период да има време да се исчистат, така да кажам, од грижата на државата, но и самите да го решат својот статус затоа што едно е да знаеш под едни услови, кога почнуваш со работа, а друго е во меѓувреме да ти се сменат и тоа прилагодување честопати е драматично, посебно во нашата земја каде имаме наталожени пробелми со сиромаштијата и со невработеноста.

Дозволете ми само со неколку потаоци да го заокружам моето објаснување зошто мислам дека уште дополнителни 3 години, продолжение имавме од 2 години, во минатиот мандат тоа го изгласавме и тоа го направивме заедно со колегите пратеници од минатиот состав, тука бевме заедно од различни политички партии и едноставно направивме нешто што мислам дека им помогна на голема група наши сограѓани.

Минатиот пат за продолжениеот од 2 години, по старите услови на пензионирање, се работеше за група од 12 илјади лица, отприлика. Меѓутоа, по 2 години спроведување на тие измени на Законот ги имаме следниве резултати:

Само околу 2 илјади лица ги имаат искористено условите кои ние ги изгласавме во овој Парламент, значи тоа е некаде околу 20% од вкупниот број на лица кои можеле да побараат пензија. Значи од нив само околу 20% побарале пензионирање. Очигледно дека во нашите социјално-економски услови, луѓето се подготвени и подолго да работат и при потешки услови и во поголема возраст, само и само да заработат повеќе затоа што пензиите се значително помали. Сега, ако тоа го споредиме со сегашното барање на колегите од Синдикатот да видиме што тоа значи. Сега доаѓаат за пензионирање околу 20 илјади лица. Тоа се моите податоци. До колку министерот има други податоци, јас би го молела да ме корегира. Значи се работи за некаде околу 20 илјади лица кои во следните три години би можеле да се пензионираат по старите услови, доколку тоа го прифатиме. Ако тргнеме по аналогија дека околу 20% од одзивот на лица кои што се пензионираат, тоа би изнесувало некаде околу 4000 лица. Јас мислам дека вреди трудот и вредат средствата што би се потрошиле, за да можат овие 4000 лица да им се излезе во пресрет и да можат да остварат право на пензија по стариот начин. Затоа што, да напоменам, најчесто најголем број од овие лица кои чекаат пензионирање се луѓе од стопанството, голем дел од нив од фабрични работници, кои се прилично истрошени и на кои што ова навистина добро би им дошло. Продолжувањето на работа не би било ефикасно ни од аспект на технолошкиот процес, ни од аспект на нивното здравје. Еве, ова е моето образложение и мојата замолница до министерот за финансии, доколку смета дека има некои нови елементи да одговори за тоа какви се можностите и што би можело да се направи за продолжување на рокот за пензионирање. Со тоа го завршувам делот за социјалната политика. Одам понатаму, за науката.

Науката во Македонија е на прилично ниски гранки, за жал. Тоа го знаеме сите и тоа не ни служи за пофалба и тоа е така со години по ред, откако всушност се укина Министерството за наука пред многу години, науката оди надолу. Состојбите се драматични, особено е драматично во делот на институтите, тоа важи за сите институти, меѓутоа јас посебно би ги нагласила институтите од областа на културата и националниот идентитет, каде што покриваат материја, како што е историја, јазик, литература и тн., фолклор, тоа се се области преку кои што ние го покажуваме и го докажуваме нашиот идентитет како Македонци, а со кое што го оправдуваме така да речеме своето постоење како држава. Што се случува на овој план? Токму преку вакви институти во соседните земји се врши најлошата и најефикасната, за жал, пропаганда против Македонија, против постоењето на македонскиот народ, јази, црква и тн. и затоа е драматично лошо што не е од наша страна како држава, не можеме да одговориме на тоа. А, зошто не можеме? Имаме обучени луѓе, има институти, меѓутоа тие се на работ на преживување. Освен платите скромни, страшно скромни кои што ги добиваат, друго речиси и не добиваат од државата, дали имаат по еден или по ниеден проект во моментов. Во таква ситуација тие се неупотребливи, луѓето демотивирани за работа, а државата во чист зијан. Мислам дека инвестирањето во овие институти само би и

помогнало на Македонија и тоа токму во овие моменти кога се бориме за дефинитивно целокупно признавање и интегрирање на Македонија во светската заедница на народите и државите. Ова е само за сегментот за националните институти, меѓутоа прашањето за науката е многу пошироко. Ние со колегите од ДОМ, посебно со Советот на ДОМ и со професорот Димитар Мирчев го разгледувавме пошироко, организиравме серија трибини на оваа тема и над 120 научни работници од сите институции, од факултети, па се до МАНУ, беа присутни на тие собири и тие се изјаснија позитивно за нашата идеја да се обнови Министерството за наука и тоа предложивме две варијанти. Едната варијанта е Министерство за наука, високо образование и технолошки развој и втората варијанта е Министерство за наука и технолошки развој. На ваков начин технолошкиот развој ја опфаќа и информатичката технологија, би можело да се реализира и да се прошири, да се унапреди идејата на Владата за посебно Министерство за информатичка технологија, со тоа што ние од ДОМ предлагаме да не биде само еден сегмент од технологијата, значи информатичката, туку да бидат сите технологии заедно и целокупно науката и технолошкиот развој да сеи добијат своја фокус група во едно министерство. Тоа не би бил дополнителен трошок, тоа би било само разграничување на дејностите, дополнување со одредени стручно оспособени лица, кои што ќе знаат да работат со современите европски текови и тоа ќе биде можност да може да се прават организирано проекти да се изработуваат и да се аплицира за фондови од Европската унија, за што впрочем Македонија и премиерот Груевски кон крајот на минатата година потпиша и посебен протокол со европскиот комисионер Поточник, со кој може да се користат односно Македонија може да користи средства од рамковната програма седум односно од седмата рамковна програма. Тоа се големи средства на располагање и ќе биде голема штета ако Македонија ја пропушти шансата да исползува дел од тие средства, не само заради средствата, но средствата како можност за реализација на проекти, кои што ќе не унапредат во науката и технолошкиот развој. Се разбира, ние како Македонија, како земја со наш капацитет не очекуваме да правиме Спејсшатл или да правиме некои други комплицирани вселенски истражувања или други комплицирани истражувања, меѓутоа ние мора да ги оспособиме нашите кадри и да ги држиме во кондиција да го следат технолошкиот и научниот развој на европско и на светско ниво и мора да правиме апликации на одредени сегменти од тоа. Без тоа нема напредок. Само да спомнам дека Македонија од прилика одвојува некаде околу 0,2% од бруто домашниот производ за наука, а за разлика од 2 и над 2%, колку што одвојуваат европските земји. Инаку, најновата проекција на Европската унија е да се стигне до 3% од бруто домашниот производ, кои што би се одвоиле за науката, затоа што сите се свесни дека науката е моќ. Така што, такви позитивни примери направија и Словенија и Балтичките земји и Финска и Ирска и сите тие и преку науката успеаа да обезбедат поголеми инвестиции во својата држава. Она што го гледам, во ребалансот дека е направено едно благо зголемување на средствата во делот на истражувањето не е доволно и јас би апелирала во следниот период Владата да обрне сериозно внимание на ова. Ние ова го поднесовме и како иницијатива до Кабинетот на премиерот и мислам дека ова вредна широка расправа и на владино ниво, меѓутоа и на ниво на Парламент, затоа што е за општо добро. Инаку, да кажам, сепак има одредено мало зголемување во научоистражувачката работа, тоа е всушност научноистражувачката работа на исто ниво, во научните институти мало зголемување од 496 милиони денари на 502 милиони денари. Меѓутоа, тоа е таман толку колку да преживеат, но и да се одржав во живот, но не и да ги дадат резултатите кои што од нив се очекуваат. Со тоа ја завршувам и дискусијата за науката.

Преминувам на четвртата тема, тоа е заштита на животната средина, екологија. Тука се гледа дека има, со ребалансот практично нема никакви промени и БУџетот е ист. Јас би кажала неколку работи, со оглед на објаснувањето за ребалансот на Буџетот што стои за делот за екологијата. Гледаме дека во текот на изминатава година Министерството за економија било извонредно активно во поглед на подготовката на закони. Подготвени се, ако не се лажам 6 закони, од кои што два се веќе поминати во овој Парламент, другите четири се на листа за чекање да ги усвоиме и се надевам дека тоа наскоро ќе го направиме. Сите тие се извонредно важни закони, тие што чекаат се законот за отпад, законот за води и слични, за амбиентален воздух и тн., сите тие се закони со европско знаменце и јас тука очекував на соработка на сите нас, независно дали сме позиција или опозиција да ги донесеме што поскоро, затоа што се навистина извонредно значајни. Ако се сеќавате оние кои го читале последниот извештај на Европарламентот што беше неодамна усвоен, постои цела серија точки, за кои што Европскиот парламент ни забележува во областа на животната средина и каде што не упатува што се треба да направиме. Имено, со овие закони и со нивната примена ние тоа не можеме да го исполниме и едно значајно поглавме за нашето европско приближување, да го исполниме. Јас верувам дека законите ќе ги донесме, меѓутоа исто така би сакала да укажам до Министерството за финансии дека во идниот период, спремајќи го следниот буџет, веројатно ќе треба да се мисли на одредено зголемување, затоа што многу повеќе средства ќе бидат потребни за примена на овие закони. Тука, се разбира, ќе треба соодветно да одговориме затоа што шансите се пред нас, инвестирањето во животната средина не е трошок, туку тоа е

инвестиција во иднината на Македонија. На ист начин, како што јс гледам впрочем и на инвестирањето во науката, тоа не е трошок, тоа е една добра, добра инвестиција која што се враќа.

На крајот, завршувам со четвртата тема и преминувам на петтата, а тоа е туризмот. ДОМ како партија беше прва која што досега се зафати со туризмот сериозно, која што и далеку пред изборите и за време на изборите, а и во продолжение се занимава со туризмот на крајно сериозен начин. Изготвивме посебна програма за туризмот и ја спроведуваме и преку кампањи и преку иницијативи до Владата и до Парламентот. Исто така, поднесовме и редица на закони во таа сфера, од која што едниот, законот за туристички заедници е веќе во расправа и јас се надевам дека при некоја поголема концентрираност наша на работа на закони со кои се врши хармонизација на нашето законодавство, ќе го усвоиме и овој закон. За туризмот во ребалансот на Буџетот стои дека е направено одредено зголемување на ставките промоција на туризмот и развој на туристичката понуда. За промоција на туризмот има зголемување од 7,5 милиони денари на 10,5 милиони денари, а за ставката на развој на туристичката понуда има намалување од 12 милиони на 10 милиони денари заокружено. Севкупно гледаме дека, од она што може да се види за туризмот се зборува многу повеќе и ова е прва Влада која што му посветува внимание, која што организираше и форум за туризмот, на кој што привлече странски инвеститори во оваа огласт, прва Влада која што зборува многу повеќе за туризмот и по нешто прави. Меѓутоа, јас би сакала да видам да бидеме многу поделотворни во оваа област, затоа што туризмот е наша шанса што Господ ни ја дал, а од нас како луѓе ќе зависи дали ќе ја искористиме или не. Дозволете ми само неколку работи да спомнам во врска со оваа област, толку податлива, а толку маргинализирана во земјава. Мислам дека и годинава не направивме доволно инвазивен да речам настап во областа на туризмот, не направивме туристичка промоција, пред се на Македонија надвор од Македонија. Затоа што, она што значи туристички гостин во Македонија и понатаму во најголем дел се останува на македонски туристи, а многу е мала бројката на странски туристи. Се разбира, за крајните ефекти ќе треба да го почекаме крајот на оваа сезона, меѓутоа убедена сум дека можевме многу, многу повеќе да направиме. Она што како основна работа фали во туризмот, тоа е организирана и координирана промоција на земјата, затоа што како што велат многу туристички работници, ние не можеме да ги продадеме нашите соби или хотели ако странците не знаат каде тие се наоѓаат, во која земја и која е таа Македонија и кои убавини може тука да ги видат. Така што, убедена сум дека со туристичка асоцијација на Македонија практично ќе направиме организирање на еснафот, на туристичкиот еснаф, кој што при координирано дејствување со Владата ќе го даде вистинскиот ефект, ќе осмислува стратегија за промоција на земјата и тоа конкретно ќе го спроведува. Значи, тоа бара одредени средства. Понатаму, за да може бара партнер кој што би го имала државата и бара, се разбира средства за промоција. Според она што сме го пресметувале и во Комисијата за туризам при ДОМ заедно зо туристички работници излегува дека за удар на промоција на Македонија со се печатење на пропаганден материјал, со посета на неколку главни туристички саеми во светот, а тоа се пред се Берлин, Лондон и уште некои кои што би се избрале и со организирање на промотивни посети на туроператори и новинари од неколку лоцирани однапред земји, би можело да се направи многу и дека сето тоа не би чинело повеќе од 5 до 6 милиони евра на годишно ниво. Јас мислам дека тоа не е голема сума за она што би се дало како резултат. Дозволете ми само да кажам три примери од соседството. Црна Гора годинава прави туристички бум, меѓутоа го прави откако три години е формирана туристичката заедница на Црна Гора, откако рботи максимално ефективно, прави промоци низ регионот и надвор од регионот и резултатите се евидентни. Во моментот во Црна Гора речиси нема слободна соба, а порано имаа само 30 дена шпиц сезона. Туризмот тие го имаат лоцирано како приоритетна гранка поврзана со екологијата. Дозволете да спомнам само една работа, Црна Гора најпрво се прогласи за еколошка држава и вложи средства во тоа неколку години, за потоа во приоритетите да го стави туризмот и да се прогласи и да стане туристичка држава. Мислам дека и ние како Македонија треба да го следиме тој пример, да станеме како еколошка држава, чиста, средена со европски стандарди, а потоа да одиме на следниот чекор и на развој на туризмот. Само како една илустрација за тоа колку добро Црна Гора успеала да го промовира својот туризам и својата убавина, служи и овој податок. Во моментов метар квадратен станбен простор во Будва чини 6.500 евра. Мислам дека ова е доволно илустративно и не треба повеќе да се коментира. Друг пример е Бугарија. Во Бугарија годинава има некаде околу 10 илјади Шпанци и некаде од две до три илјади Португалци. Замислете, луѓе кои што имаат море, кои што имаат многу убавини, познати, најпознати туристички дестинации во светот доаѓаат во континентална Бугарија. Меѓутоа што велат нивните главни туроператори? Велат, ние работевме три до четири години фокусирани на Шпанија и Португалија за да можеме годинава за прв пат да бележиме резултати, оркако претходно ги таргетирале како земји. И, тоа кога доаѓаат овие луѓе, Шпанците и Португалците во Бугарија надвор од таканаречената шпиц сезона, во време кога е мртва навидум сезона и тоа ги интересира културниот туризам, винскиот туризам и бањскиот туризам. Значи, ова е многу добра поука и за нас како Македонија, со оглед на она што можеме да

го понудиме. Меѓутоа, мислам дека тука веројатно многу помага и организираниот настап на Бугарите и под силната поддршка од страна на државата. Инаку, колку за илустрација, Бугарите сеуште не се доволно задоволни од сето она што го направиле во туризмот и сметаат дека им е неопходна туристичка заедница на Бугарија. законот за тоа во моментот е во Парламентот и е пред изгласување. Значи, се на слично ниво во поглед на законската регулатива, меѓутоа дури и тие кои што се далеку поорганизирани од нас сметаат дека им е неопходна туристичка заедница, заради промоција на земјата.

Ќе завршам со Србија, нашиот северен сосед која што минатата година вложила 20 милиони долари за промоција на три дестинации надвор од Србија. Годинава веќе има реализација, според нивни податоци од 400 милиони долари. Значи инвестицијата во туризмот се исплаќа ако знаеш што правиш и ако знаеш каде ги насочуваш средствата и како тоа да го правиш. Повторно гостите што доаѓаат во Србија, доаѓаат во континентална земја, доаѓаат да видат планини, бањи, ловишта, да пловат по Дунав и тоа се се поучни примери од кои што треба да се учиме.

Верувам дека во идниот буџет ќе имаме сериозни средства за туризмот најмалку тие пет милиони евра плус, тоа е минимум, веројатно треба многу повеќе по многу други ставки за да не ни се случува на саеми да одиме како сиромавчиња, да одиме неорганизирано, ненајавени однапред и често пати не успеваме поради неспремност и да влеземе во саемската литература, замислете, дури и во саемските информатори понекогаш не сме влезени. Нашите штандови се скромни од по 10-тина квадрати и само за споредба на Берлинскиот саем Македонија потроши само 7 илјади евра, без пропаганден материјал со некои стари материјали на кои уште стои Југославија или некои избледени материјали останати по фиоки кои никому не му се интересни и за кои никој нема да се подлаже и да дојде во Македонија. Само за споредба Хрватска на истиот саем имаше штанд над 100-тина квадрати и потрошила, според нивни кажувања, околу 140 илјади евра. Мислам дека некои работи се јасни и треба да се однесуваме онака како налагаат приликите и разумот. Се разбира, на саемите мора да бидат присутни високи претставници од Владата и мора да се даде сериозен третман на оваа гранка.

Барем тие најважни саеми Лондон, Берлин и Москва треба да ги покриеме, а треба да имаме промоција и во околните земји.

Ќе мора да кажам уште една работа, имено, оваа година дојдоа неколку делегации, промотивни тури на новинари и туроператори во Македонија од Србија, Полска, Бугарија, тие беа гости на Хо-там, на хотелската асоцијација на туристички работници на нивен трошок и со речиси симболично учество на Министерството за економија, симболична поддршка и со оглед на малите средства кои ги има тоа Министерство во моментот, разбирливо е што не може да одговори на овие барања.

Само да го кажам примерот за Полска, бидејќи лично учествував во него. На пријателска основа се организиравме со една македонка Емилија Аврамчева, морам да ја спомнам, која со добра волја убеди група од 11 полјаци врвни тур оператори и новинари на главните полски весници и медиуми да дојдат во Македонија, да ја прошетаат и сето тоа беше организирано од Хо-там. Од Минисерството беше обезбедено комбе и кола и тоа беше се и на крајот во Полска за прв пат имаме промоција на Македонија како туристичка дестинација, имаме написи во најважните весници, имаме веб сајт за Македонија со над 100-тина фотографии од Македонија и најпофални зборови за земјата.

Се разбира, ова се направи многу доцна, успеавме непосредно пред почетокот на летната сезона така што ова е влог за идната сезона. Меѓутоа, не треба на тоа да остане како држава мора да ги фатиме работите во свои раце и да ги завршиме онака како што треба за да не ни се случува неуки луѓе да одат на саеми, затоа што, морам да кажам еден пример од еден саем, нема да спомнам кој, нема да спомнам кое лице од наше министерство било присутно, на прашањето на странец каква е водата во Охридското езеро, дали е солена, тој одговорил да, водата е солена.

Ова беше анегдота што се раскраваше на еден од саемите каде ја промовиравме Македонија како туристичка дестинација. Да не дозволиме вакви срамови.

Да завршам, она што господ ни го дал како шанса со убавини, со историски споменици, ние како луѓе човечки да го одработиме и да имаме полза сосема конкретна и економска, но и промотивна за државата на меѓународен план, затоа што нема поголеми пријатели од оние кои ќе ти ја засакаат земјата како туристи.

Со ова ја завршувам мојата дискусија за ребалансот на Буџетот, генерално го поддржувам и му честитам на Министерството што и овој пат прилично рано го достави, жал ми е што поради други околности го носиме во последниот рок, меѓутоа, верувам дека за следниот буџет ќе имаме повеќе расправи. Сакав само конструктивно да укажам на некои полиња за кои мислам дека се битни за земјата. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам почитувана колешка.

Пријавен е министерот за реплика, повелете три минути.

**Трајко Славески:** Само краток одговор на директно поставено прашање.

Имено, прашањето беше поставено до мене, веројатно преку министерот за финансии до Владата, во врска со Законот за пензионирање.

Владата неодамна го соопшти својот став и тој е конечен. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Прв за реплика е пријавен господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе.

Очигледно имавме среќа во минатото кога предлогот за измени на Деловникот предложен од пратеничката Лилјана Поповска за ограничувањето на дискусиите на 10-минути не помина и среќа што не помина, бидејќи во својата елаборација од 25 минути што имаше, со серијата критики кон овој ребаланс на буџетот мене ме убеди да не гласам за него, бидејќи 5 сериозни сегменти од Програмата на Владата не се онака како што граѓаните би сакале. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам почитуван колега.

Контра реплика од една минута за госпоѓа Лилјана Поповска, повелете.

**Лилјана Поповска:** Благодарам потпретседателе.

Изгледа јас не се разбрав со господинот Макрадули, тој не ја разбра мојата дискусија.

Јас го поддржав ребалансот на буџетот со тоа што кажав забелешки на одредени точки, одредени точки пофалив, но онаму каде имам забелешки ги кажувам и сега и ќе ги кажувам секогаш во иднина, затоа сме овде како пратеници. Но, генерално земено, ребалансот на буџетот има многу ставки за кои јас немам забелешки и токму за тоа ги поддржувам. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Три минути реплика за господинот Ивановски, повелете.

**Игор Ивановски:** Благодарам.

И оваа дискусија на колешката Лилјана Поповска немаше да ме натера да реплицирам од едноставна причина што мислам дека нема некоја посебна релевантност. Но, сепак таа ја покажува матрицата на функционирање на оваа Влада и коалиционите партнери кои веќе не можат да се објаснуваат со логички или физички закони, туку веројатно со некоја метафизичка формула од типот на колешката Поповска која вели јас критикувам, а на крај ќе го поддржам. Ова не чини, ама на крај е добро.

Навистина не можам да го разберам тој пристап и не можам да сфатам жена која во континуитет во изминативе неколку месеци не убедува дека е најголемиот поборник за туризмот да не успее да издејствува како член на оваа владина коалиција зголемување на онака мизерни средства за развој на туризмот во Република Македонија.

Кога сте во Влада не се прави барање за подобрување на вашите ставки за кои се залагате од оваа говорница, туку во делот на комуникацијата. Ако тоа не можете да го направите практично, ќе биде легитимно и по човечки да не бидете дел од таа владеачка коалиција.

На крајот на краиштата ако сте толку конзистентна колешке Поповска ќе констатирате дека има една сериозна придобивка во туризмот на оваа Влада, а тоа е дека се инвестираат сериозни средства за туризам на владините министри почнувајќи од премиерот Груевски надвор од Република Македонија. За среќа, добар дел од средствата на оваа Влада се користат за апсолвентски, студентски туристички екскурзии на половина од Влаата само што, за жал, не патуваат со автобус како студентите, туку патуваат во прва или бизнис класа и одседнуваат во хотели од 5 ѕвездички, а користат за промоција и шетање надвор во туристичките држави и чукаат од врата на врата во фирми кои никој не ги слушнал и никој не знае за да на крај се вратат со кесите од фри-шоповите во Република Македонија. Е, за тоа има пари. За тоа има сериозни пари и дополнително со овој ребаланс на Буџетот се зголемуваат овие средства. Тоа се прави под превезот на тн., економска промоција која апсолутно не можеме да ја видиме, бидејќи не знаеме што промовираме. Кога ќе се вратите во Македонија од некој пат ќе видите што всушност направила Владата односно што всушност не направила Владата и доколку сте консекветна колешке Поповска кога ќе барате пари за зголемување на туризмот, најдобро место за да ги повлечете, бидејќи СДСМ има голем број на амандмани за оваа област, да ги повлечете оние пари наменети за патувањата на Веле Самак, Глигор Ташковиќ и останатите министри на чело со Зоран Ставрески во туристичките егзотични дестинации кои решаваат да продаваат јагниња во Катар, а јагниња нема во откупната сезона за потребите на Македонија или решаваат на пример да бараат нафтени картели да донесат во Македонија, а не можат да го решат проблемот со Лукоил или слични апсурдни работи за да на крајот дојдеме до таква ситуација Глигор Ташковиќ ги направи согласно ставовите на австралијанските жители во Македонија робови. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Една минута контр реплика за госпоѓа Лилјана Поповска, повелете.

**Лилјана Поповска:** Колега Ивановски ми направивте голема чест што на еден еве вака толку нерелевантен пратеник му дадовте толку долга и опширна реплика, па ни трите минути не ви беа доволни.

Жал ми е само што ви беа потребни навреди и потценувања за да ги искажете своите ставови.

Инаку, дали сум успеала за една година за напредок на туризмот или не, тоа не ме разочарува. Борбата на еден пратеник трае четири години и јас сум сигурна дека на крајот од овој мандат во туризмот ќе има значителен

напредок Пред се за тоа што овој пат Владата сака да слуша, во моментот туризмот не го стави како приоритет, меѓтоа, јас верувам дека со заложби мои и на други колеги пратеници, а вклучително и на колегите од Владата во тоа ќе успееме.

Инаку, јас ја поддржувам оваа влада и понатаму затоа што сметам дека генералната политика што ја води е добра и дека искрено за прв пат гледам влада што искрено работи за доброто на својата држава. Има уште многу нешто да се каже, но во следна прилика.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Продолжуваме со расправа.

Има збор госпоѓа Зумрете Јакупи, повелете.

**Зумрете Јакупи:** Ви благодарам.

Почитуван претседавач, почитувани колеги, колешки пратеници,

Со Предлог ребалансот на буџетот се предвидуваат промени во буџетските приходи и расоди. Макроекономските параметри врз кои се засноваат понудените измени во овој Предлог ребаланс се опфатени оние врз кои се засноваше усвоениот буџет за о.г. Врз основа на тоа што е претставено во приходниот дел од овој Предлог констатирано е дека во период од минатата година треба внимателно да се анализираат овие параметри ќе се констатира дека индустрискиот производ претрпел пораст на меѓународни трансакции. Во таа прилика имаме пораст на извозот во споредба со увозот. Пораст на девизните резерви итн.

По однос на реализацијата на Буџетот или извршување на Буџетот констатирано е дека имаме пораст на реализацијата и извршување на буџетските приходи. Вреди да се нагласи дека порастот на приходите од данокот на добивка кој пораст е над 50% од оние што биле планирани, тоа е пораст од царините. Тука се планира пораст на приход од акцизите. Поголемиот дел од приходите од акцизите се плаќа токму од увозот на акцизните стоки.

Сакам да нагласам и да заклучам дека во согласност со ова што е претставено, барем во овој предлог, вреди да се констатира дека Законот за акцизи нема да претрпи измени во оваа насока на предвидување на акцизите за транспортните средства.

Поаѓајќи од фактот дека во едно вистинско општество треба да има правична распределба на сите материјални средства, тогаш треба да увидиме каков ребаланс на буџетот ни нуди така наречената Влада на госодинот Никола Груевски.

Исто така за да се констатира тоа дека ова владеење има направено правилна распределба на материјалните приходи или има дизбаланс во насока на распределбата.

Почитувани пратеници, поаѓајќи од податоците понудени од Владата Предлог ребалансот на буџетот имам забелешки во некои сегменти. За политиката на таканаречената Влада или за неправичната распределба, не начелната, непринципиелната распределба на буџетските средства во општините констатирам дека актуелната Влада има неколку погрешни политики. Велам, погрешни која не го следи политичкиот процес кој создава клима на внатрешни стабилни односи.

Актуелната власт или Влада треба да посвети посебно внимание на распределбата на буџетот и на учеството на албанците во администрацијата. Што се однесува до овој напредок кој произлегува од духот на Охридскиот рамковен договор Владата има најавено дека во Секторот за имплементација на Охридскиот рамковен договор ќе додели средства во Секретаријатот, а да се надеваме дека ќе биде така, ние ова го поздравуваме со секој ангажман и зајакнување на институциите кои ќе се занимаваат со оваа проблематика и ќе покажат резултати. Меѓутоа, Владата сеуште нема идеја околу оваа иницијатива што ја има изјавено. Владата и нејзините претставници, партитие од владината коалиција речиси со секое нивно претставување или јавно појавување нагласуваат дека во програмата К-5 имаат распределено три пати повеќе финансиски средства отколку што биле распределени во минатата Влада. Доколку се направи споредба со бројот на вработените ќе излезе зголемен број на вработени, порастот ќе биде за 3,5 пати повеќе отколку во минатиот мандат. Доколку за изминатите четири години процентот на пропорционалната застапеност на албанците во државната администрација има измена од 5% на 10,20% која беше во 2002 година.

Значи на почетокот беше 5%, додека во 2006 година се зголеми од 5 на 10,20%. Тоа е од службените, официјални податоци земени од овој Извештај на Владата на Република Македонија и ние треба да очекуваме порастот од 5%, колку оваа Влада ќе го зголеми, затоа што тоа што го изјави Владата треба да чекаме, во однос на изминатите 4 години што имавме пораст од 5%, сега треба да очекуваме 3,5% повеќе од тоа што е определба на оваа Влада дека ќе ја промени етничката структура во државната администрација,. За да се свати и да се перцепира објективната реалност на развојот на политиките во земјата, како и прашањето што е правично општество, ние ќе го сваитем тоа од интересите што ги имаме. Меѓутоа се знае дека наш интерес во прв ред е благосостојбата каде влегуваат парите и материјалните добра, инвестициите и така натаму. Овие интереси потоа се преплетуваат регионално, општински, меѓутоа и етнички и меѓуетнички. Како за пример ќе ги искористам владините податоци каде што неколку министри, како резултат на децентрализацијата на надлежностите, ќе распределат свои финансиски средства по општините. Така Министерството за култура ќе проследи донации кои се доделени по општините, при што од

податоците ќе видиме дека ова Министерство нема правилна распределба и правична политика во општините, во областа на културата, затоа што донациите во областа на библиотеките, од вкупната сумаод околу 17 милиони денари, сите средства се наменети за општините кои се раководени од претставник од македонската заедница. За општините во Западна Македонија кои се претседавани воглавно од ДУИ, не е доделен ниту еден денар, или пак 0%.

Понатаму како што се музичките претстави и другит еуметнички дејанија, од вкупно 22 милиони денари, само 0,49% или пак 105 илјади денари се за албанците, а многу повеќе, се подразбира за кого.

Во сферата на музеите и конотеките, од вкупно 27 милиони деанри, само 0,17% или пак 14 илјади денари се наменетиодносно доделени за албанците.

Друго министерство кое исто така има непропорцијална распределба е Министерството за труд и социјална политика и тоа се донации од областа на социјалната заштита, како што е заштита на деца,од вкупно 13 милиони денари во општините од Западна Македонија доделени се само околу 18 милиони денари или во проценти 12,3%.

Исто така Домот за старци, од 5 милиони деанри, за албанците се доделени 0%.

Дотациите за пожарникарите, вкупно се 250 милиони денари. Тука повторно се случува истото, албанците добиваат околу 25 милиони деанри, а во проценти 9,8%. Тука сакам да интервенирам и поради актуелната ситуација, поради времето што го имаме и многуте случаи што ги имаме.

**Иван Анастасовски:** Госпоѓо Зумрете, ова е редовно време за ручок.

Ако сакате да продлжите после паузата, бидејки не знам колку ви е должината на говорот...

**Зумрете Јакупи:** Во ред.

**Иван Анастасовски:** Тогаш со вашиот говор продолжуваме после паузата.

Почитувани колеги, овде објавувам пауза за ручек.

По паузата седницата продолжи со работа во 15,08 часот).

**Бесим Догани:** Продолжуваме со работа.

За збор се јави госпоѓа Зумрете Јакупи.

**Зумрете Јакупи:** Во текот на првата фаза од мојот говор констатирав дека во Министерството за култура од вкупната сума на капитални инвестиции во албанските општини доделени се вкупно 15 милиони и 353 илјади евра, што е сума од 100% инвестирање. Меѓутоа, во македонските општини има цифра од 13 милиони 483 илјади евра или пак околу 88% од Буџетот, меѓутоа во албанските општини само 12%. Исто така што се однесува на делот на капиталните инвестиции, кои што треба да ја водат Република Македонија на посакуваното ниво, капиталните инвестиции како што се спортските сали, каде што се предвидуваат околу 50 милиони денари, исто така фамозниот тендер за компјутеризирање на училиштата, што е за поздравување, меѓутоа претходно треба да се направат примарни инвестиции за формирање или создавање на примарни услови со давање приоритет на напредокот и градењето на училиштата. Потоа, нивна реконструкција, уредување на нивната инфраструктура, инвестирање во образовните реформи. Значи, примарно е да се решат реалните проблеми кои што се суштински за развојот на целосното образование.

За компјутерите, не дека имам нешто против во ова време на електроника, секако дека треба да постојат, иако за нив имаше разни донации, кои што беа често пати злоупотребувани, меѓутоа се знае дека компјутерите многу брзо им истекува рокот. Тие имаат рок на траење меѓутоа барањето на примарните услови е нешто што трае подолго во овој временски период и од овој аспект не дека не се приоритетни, на пример во насока на информатиката. Нормално е дека тие се приоритетни, меѓутоа доколку направиме споредба со средните училишта од здравството, поприоритетни и попринципиелни се другите услови, како што се лабораториите, комплетираните кабинети со средства за вршење на разни експерименти кои се повеќе од потребни, па дури потоа доаѓаат на ред овие работи.

Потоа, за салите, ние имаме сали и нема да биде лошо да се реконструираат и тие што ги имаме. Не дека сум против спортските сали, меѓутоа има работи кои што се многу поприоритетни. Постои потреба од поактивна политика за високото образование. Пред да преминам на високото образование ме интересира зошто има стагнација на проектот кој што беше финансиран од Народна банка и грантот од Холандија, кој што предвидуваше многу во насока на подобрување и осовременување на образованието, каде што имаше и обуки, кои што позитивно влијаеа врз издигнувањето на нивото на образованието. Сега истите се стагнирани. Добро е што се прави и постигнување на реформи во образованието според Болоњскиот систем. Исто така, треба да внимаваме за стандардот на студентите во насока на здравството. Значајно е да се направат прагматични реформи, меѓутоа треба да се направат и некои елементарни инвестиции, кои што имаат есенцијално значење и кои што влијаат врз квалитетот и здравствените услуги, кои што се рефлектираат врз подигнувањето на нивото на здравството на населението. Во ребалансот на претходниот Буџет од 2006 година, јас интервенирав, а интервенираа и многу други пратеници во однос на Буџетот или средствата што беа доделени за здравствената заштита на мајка и дете, имајќи предвид колку е значајно оваа генерација која што е витална генерација на населението, јас во овој Буџет согледувам дека

нема никаква промена. Исто така, тука на некој начин сакам да поставам едно прашање, каде има удел патронажната служба, имајќи го предвид значењето на истата во оваа држава и во овие наши услови. Колку е таа служба приоритетна, дали е во примарната здравствена служба или пак во здравствена заштита на мајка и дете. Доколку е во овој втор предлог, значи ова функционира само како бивалентна служба, а се знае дека бивалентната служба, бивалентната патронажна служба е повеќе од потребна и се даваат разни изјави дека се дава предност на оваа служба и дека е во тек на подобрување на истата.

Исто така, би сакала да коментирам нешто кое што е во делот на Министерството за транспорт и врски. Од вкупната сума од 100 милиони денари предвидени за распределба во општините како финансиски средства, наменски финансиски средства за подобрување на инфраструктурата, на албанските општини им се доделени само 9 милиони денари. Тоа е нешто што не го преминува лимитот на просечното ниво во сите елементи на општеството, што значи само 9%. Министерството за култура, нешто што нагласив претходно, вкупната сума за капитални инвестиции од 15 милиони евра, кои што во македонските општини зафаќаат една сума од 13 милиони евра или 88%, додека во албанските општини само 1 милион и 870 илјади евра или попрецизно 12%. Видено од неколку примери што ги нагласив порано, јасно можеме да видиме дека во меѓуетничките односи имаме дисбаланс во сите земји на животот и овој дисбаланс создава реални услови за видно меѓуетничко незадоволство, кое што се рефлектира во општите меѓуетнички односи во земјата.

Охридскиот рамковен договор е документ кој што наметнува подобрување на меѓуетничките односи и намалување на разликите кои постојат во нашето општество. Многу институции даваат статистички податоци со актуелни параметри кои што претставуваат дисбаланс во етничкото застапување, во распределба на материјалните добра изразени преку Буџетот кој што е усвоен во Парламентот и истите бараат интервенции. Секој ден слушаме големи зборови за европските чекори на оваа коалиција. Доколку некој во Македонија може да се излаже со оваа пропаганда, тие што се повикани да анализираат и да мониторираат конкретни резултати во аплицирањето на европските норми и стандарди, значи Европската комисија и Европскиот парламент се засноваат на факти. Во овој случај на конкретни цифри, затоа што се работи за распределба на внатрешни ресурси на државата. Бројките и цифрите се тие што ги претставив. Европската комисија ќе ги анализира и ќе заклучи дека оваа Влада дејствува против политиката на Европска унија за рамномерен развој на разните делови на државите кои што се членки или пак аспиранти за зачленување во Европска унија. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Реплика има министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Имаше повеќе прашања од госпоѓата Јакупи, јас овде би се осврнал само на некои. Имено, бев доведен во мала забуна, па зата сега го листав ребалансот на Буџетот, ако е преводот точен во повеќе наврати се користи терминот “албански општини”. Навистина, морав да проверам, да не сте ставиле некоја општина врз распределбата на средствата што е надвор од Република Македонија и изјавувам дека сите општини што се во ребалансот на Буџетот се во територијата на Република Македонија. Веројатно, се мислело на нешто друго.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Контра реплика за госпоѓа Зумрете Јакупи.

**Зумрете Јакупи:** Убаво нагласив дека е предвидено за општините кои што се раководени од Албанци, посебно од ДУИ, во текстот јас тоа убаво го нагласив и точно и со цифри.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Реплика има госпоѓа Хазбие Ибиши.

**Хазбие Ибиши:** Ви благодарам господине потпретседателе.

Мило ми е колешке што се интересираш, но времето ви е погрешно, бидејќи требаше на овој начин да постапите кога бевте на власт заедно со неокомунистите и тогаш четири години по 12 месеци се 48 месеци. Но, за жал, вие ништо не направивте и не доделивте ниту 48 денари за општините каде што гравитираат Албанците. Значи, почитувана колешке, ова што го велите вие сега, колку само да го кажете тоа, и за маркетинг пред населението, ништо повеќе. Но, ова не ви пали, бидејќи на населението работите му се познати, ве познава која сте и што направивте за нив. Затоа, би ве замолила да бидете конструктивни како партија, а можеби би можеле во иднина да добиете една гаранција, симпатија од ова население. Вие, почитувана госпоѓо говорите за распределба на средства пропорционално, но заборавате дека во вашиот мандат како направивте во Министерството за транспорт и врски. Доколку сте заборавиле, ќе ве потсетам, се фалевте со една цена и тоа голема цена или подобро кажано од 1000 до 2000 евра за една цен дозвола. Овие се факти, а не фрази. Значи, вакви фази имаме многу, но ова беше еден пример колку за да ве потсетам какво минато имате оставено позади вас. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Контра реплика од една минута госпоѓа Зумрете Јакупи, повелете.

**Зумрете Јакупи:** Што се однесува на квалитетот дека ме познаваат, нормално е дека населението ме познава, затоа и ми дадоа глас и имаме легитимитет. Тоа што јас го кажав, го кажав врз основа на тоа што сакам да го застапам легитимитетот и гласот на народот кој што ни ја даде довербата. Исто така, јас констатирам дека

пишаните текстови не инспирираат реално и не се одразуваат реално, од причина и од тоа што го кажав јас констатирам дека вие не сте го ни прелистале Предлог-ребалансот на Буџетот. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодрам.

Три минути за госпоѓа Флора Кадриу за реплика.

**Флора Кадриу:** Ви благодарам почитуван потпретседателе, почитувана колешке од ДУИ, говорите за легитимитет, но вие треба да признаете дека легитимитетот го изградивте врз несреќата на албанскиот народ.

Сега, во однос на вашата дискусија или излагање во почетокот на вашето излагање често пати ја спомнувавте Владата, која според вас е таканаречена Влада и со ова секојдневно докажувате дека вие и вашата парламентарна група не може да ви биде јасно дека сте во опозиција и неможете да се смрите со овој факт. Но, ние ДПА во целост ве разбираме и знаеме дека вие сте една релативно нова партија на политичката сцена во Македонија и дека со текот на времето ќе добиете искуство, ќе добиете сознанија и сериозност политичка и политичка зрелост. Ќе разберете дека политичките субјекти не секогаш се дел од позицијата. Но, се случува да бидат и дел од опозицијата и тоа конструктивна опозиција во демократските општества, се разбира како што настојува да биде и Република Македонија.

Во однос на распределбата на финансиските средства од ребалансот за првична и соодветна застапеност во јавната администрација, има една единствена вистина дека се доделени три пати повеќе финансиски средства во споредба со минатите четири години. Јас не ве разбирам зошто вие толку многу се лутите за оваа работа.

Во однос на културата, почитувана колешке, високи функционери на вашата партија во текот на вашиот мандат во владеење изјавија дека културата за вас, за ДУИ не е приоритет, за ДПА културата токму го запечатува идентитетот на нацијата. Жалам за вас но еве ДПА за една година во Влада во областа на културата и во образованието работеше видливо и постигна да го направи следново. Основање на театарот во Тетово, Универзитетската библиотека во Тетово, Институтот на културното албанско наследство, спортски сали, нови училишта и други работи. Бројките и цифрите говорат сами по себе. Навистина говорат, а говорат дека вие оставивте за албанскиот народ во областа на културата само една културна институција од вкупно 156 културни институци на државно ниво во Република Македонија. На крајот на краиштата можете да говорите што сакате, но ние работиме и еве демократијата подразбира и можност за слободно изразување на мислата и често пати, без оглед на значењето на кажаниот збор. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Контра реплика за госпоѓа Зумрете Јакупи, повелете.

**Зумрете Јакупи:** Што се однесува на нашето минато, каде што беше и мојот брат, ние се гордееме, меѓутоа ние победивме два пати и после војната, меѓутоа и во 2006 година. Тогаш победивме и за тоа довербата ни ја даде народот нас. А, што се однесува на достигнувањата на ДУИ, јас нагласив дека 5% е зголемен бројот на вработувањата, додека вие што рековте дека три ипол пати ќе се зголеми цифрата, се надеваме и ќе видиме што ќе се случи во текот на ова време. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Збор има господинот Никола Поповски, повелете.

**Никола Поповски:** Почитуван министер, почитувани пратеници.

Дозволете во општиот претрес да искажам неколку свои перцепции во врска со Буџетот и со економската политика чиј еден од основните инструменти е Буџетот, се разбира. Меѓутоа, би сакал пред да поминам на воведното излагање, да се осврнам на оваа по мене квази дебата која се води помеѓу пратениците од ДПА и ДУИ во врска со една од буџетските политики која е зачната во 2003 година и која денес продолжува, а за која слушаме голем број на невистини. Имено, бев поттикнат уште во понеделникот или вторникот на онаа седница кога премиерот се обрати од говорницата, но со оглед на востановитени правила во овој Парламент дека кога се клучните теми за расправа, пратениците немаме право господине потпретседателе, на збор, така беше и по неколку други клучни дебати.

Сега би сакал да кажам токму во врска со тоа. Всушност, на една од седниците во почетокот на 2007 година кога господинот министер за здравство беше потпретседател на Владата, пред да го отстапи тоа место, и господинот Груевски пред два дена од оваа говорница и сега некои од пратеничките од ДПА говорат еден факт целосно искривен. Јас не ги обвинувам пратеничките на ДПА најмалку,тие не можат да знаат, затоа што тие го слушаат премиерот и нивниот поранешен потпетседател Селмани што зборува и мислам дека е така. Го повторуваат тоа.

Имено, денеска се пласира веќе по 10-ти пат, меѓутоа, најважно од се за мене е тоа што тоа го пласира премиерот на Република Македонија дека во буџетот на Република Македонија за 2007 година се одвоиле три пати повеќе средства за вработување на припадници на заедниците во Република Македонија, согласно уставните амандмани и сега тоа се повторува постојано. Ајде да дадам малку образложение што практично се случува во Буџетот дали е три пати повеќе или три пати помалку, па сум подготвен и со министерот за финансии, кој ги разбира работите и со премиерот кој очигледно не ги разбира работите со тоа што го кажа пред два дена и со пратениците на ДПА кои го следат тоа

нивно неразбирање и кои најмалку се виновни. Слушаат, без никој да даде соодветен контра одговор, три пати, три пати, мислат дека е така.

Во јавните установи на Република Македонија и во јавната администрација вклучувајќи го Буџетот и фондовите, без јавните претпријатија кои не се јавна администрација, туку се јавен сектор, да ги оставиме на страна за момент, се вработени 90-тина и нешто илјади вработени, од кои 70 илјади се во Буџетот, 20 илјади се вработени во Фондот за здравство и во другите два фонда, мислам дека вкупно не се ни 1000 во Фондот за пензиско и Агенцијата за вработување, Фондот за патишта, Фондот е 30-тина, Агенцијата е 300, ПИОМ 400-500, 91 илјада вработени. Средствата за кои Владата и пратениците тврдат дека се зголемени за три пати во оваа година се само за државните службеници. Да потсетам, државни службеници во Република Македонија од 90 илјади вработени, се само 10 илјади. Владата сега за тие 10 илјади во програмата што ние ја отворивме во Буџетот, која веројатно носи ист назив - К-5, Програма, одвоила 3 пати повеќе средства одколку во 2006 година за вработување на заедниците во категоријата на државни службеници кои по Законот за државни службеници се и кои се десетина илјади во Република Македонија. Меѓутоа, уставниот амандман 6, ќе го прочитам сега, гласи, соодветна и правична застапеност за граѓаните кои припаѓаат на сите заедници во органите на државната власт и јавните институции на сите нивоа. Значи, вистинското прашање е не дали 3 пати се зголемени кај државните службеници, затоа што вие можете на овие 10 илјади наместо да одвоите за 300 вработувања или за 500-тини да одвоите за илјада и да кажете ги зголемивме за три пати. Но, кај другите 80 илјада вработени кои се 20 илјади во Фондот за здравство, 20 илјади во полицијата и одбраната заедно, 30 илјади во образованието, да немате никаков напредок. Тогаш ќе се сведе дека вашите вкупни три пати повеќе кај државните службеници дефакто во Буџетот се два пати помалку од минатите години. Јас тоа ќе го докажам со пример.

На пример, Владата на СДСМ во периодот од 2002 до 2006 година водеше политика на зголемување на бројот на заедниците приоритетно, првично и приоритетно во секторите каде нема државни службеници. Еве да дадам неколку примери. Тие се најсензитивните сектори според Рамковниот договор. Не е случајно одбрано. Најголемиот напредок се случи во одбраната и во полицијата, каде бројот на вработувања на албанците во период од 2002 до 2006 година се мери во четвороцифрени податоци, значи илјадници.

Ако добро ме држи меморијата, некаде околу 3-4 илјади вработени во полицијата и во одбрната по основ на заедниците не само албанци. Меѓутоа, таму се ¾ албанци, 25% се другите ако 100% се заедниците ¾ се албанци, ¼ се другите заедници, да не ги набројувам, по Устав. Сега што се случува? На пример ние во одбраната стигнавме од 9 на 16%. Меѓутоа, во одбраната немате државни службеници, туку се офицери и најголем дел професионални војници на АРМ. Во полицијата се полицајци и во различните структури на полицијата кои не се државни службеници. Тука се гранична полиција, обична полиција итн.

Фондот за здравство, само во неколку наврати 100-тици се вработуваа. Да речеме ние направивме една жртва во тоа време кога на 400 пензионирани во една од тие години, мислам дека 2005 година, на 440 пензионирани вработени во Фондот за здравство во таа година согласносните што ги издадовме 350 за заедниците, а 90-тина за македонци. Тие не се државни службеници. Тие се вработени во јавната администрација. Плус образованието. Таму бројките не ги знам, меѓутоа, образованието е најмалку битно, затоа што кај нас секој учи на својот мајчин јазик така што пропорциите не се никаков напредок. Тие што учат деца на албански јазик нивните професори се албанци, тие што учат на македонски се македонци, тие што учат на српски, на турски се срби и турци, ромски и да не ги набројувам. Тука нема што, процесот на образованието го диктира, не можете вие да направите правична застапеност во албанско школо да предава македонец биологија затоа што прво не го познава јазикот во најголем број на случаи.

Сега да се вратиме, не е точно констатацијата на премиерот и на Селмани министерот и потпретседателот во тоа време, меѓутоа, најмногу на премиерот пред два дена на говорницата и не се точни сегашните квалификации кон пратеничката од ДУИ од страна на пратеничките од ДПА дека тие одвоиле 3,5 пати повеќе отколку се одвојувало претходно. Вие сте одвоиле само три пати повеќе во категоријата на државни службеници затоа што во 2003, 2004, 2005 година приоритети беа да се подигне битно и важно учеството на етничките заедници во полицијата и во одбраната. Тоа е зацртано и во Рамковниот договор. Кажав дека првично таму ќе се интервенира. Ако денеска ја проверите полицијата ќе видите споредено 2006 со 2002 година бројот на албанци е зголемен за повеќе од 1000. Во армијата исто така. Воопшто не е потребно, дури не е потребно никакво харикири да си вршат албанците сами во овој Парламент да соопштуваат дека нема вработувања, односно дека бројот не е подобрен. На крајот на краиштата постојат податоци, а податоците се за вкупното учество, го води Министерството за финансии и ако на Министерството не му е тешко, јас би замолил во понеделник, со оглед дека е месечен извештај кој не е таен, секој месец Министерството за потребите на јавноста Владата и политиката што ја води Владата издава податок колку вработени има во Собранието, колку се македонци, колку албанци, колку срби, роми, турци, власи, и колку е процентуално за

сите буџетски корисници и на крајот за сите. Ќе видите колку бил напредокот, колку во апсолултни бројки се зголемил во сите институции и колку се процентуалните зголемувања од 10-12-16% мислам дека се зголемија во тој период. Меѓутоа, внимавајте. Не се зголеми 6%, за тие што се бават со природните и техничките науки тоа им е совршено јасно. Кога ќе зголемите од 10 на 16 учество, учеството е шест процентни поени инаку, процентуалното учество е 60 на 10 до 16 вие сте зголемиле 60% учество, а не 6%. Тоа се 6% поени, меѓутоа се 60%. Апсолутно нема потреба да се води, дури сум зачуден од речникот кој меѓу себе го употребуваат, нешто за што никој не вика не.

Ова сакам да го завршам со неточност на податокот дека бројот на вработувањата на албанците е програмиран за три пати, ќе го повторам, инаку го кажав, сега само како сума на тезата што на почетокот ја кажав. Не е точно дека е за три пати, за три пати е покачен бројот на државните службеници со категорија државни службеници само кај оние 10 илјади, а колку ќе се реализираат на крај, ќе видиме, ќе имаме податок на крај, меѓутоа, не заборавајте дека има уште 80 илјади каде немаме податок од Владата колку во Армијата, колку во полицијата, колку во здравството напредуваат припадниците на заедниците. Еве, јас јавно прашувам, на пример во целата година од јули до јули откако оваа Влада е на сила колку е зголемено учеството на албанците во полицијата, во бројка и во процент. Колку е зголемено во војската, колку во образованието, колку во научните институции, колку во културните институции, колку во здравството каде немаат статус на државни службеници. Тогаш ќе дојдеме до политиката која треба да ја координираме, меѓу другото, и во Собранието со одобрување на Буџетот. Инаку, вака паушални изјави три пати, мислам дека на никого ништо не му значат.

Затоа повикувам многу претпазливо да се користат податоците за да не се доведуваме во ситуација да живееме во свет на заблуди. Три пати е малку сериозен број.

Сега би сакал да кажам неколку збора, се надевам дека нема да бидам екстензивен и со долга минутажа, меѓутоа, неколку работи ќе сакам да ги укажам на начин на кој јас ги гледам.

По повод буџетот Владата ја отвори, дефакто, и со воведното излагање и со дебатата на економската политика на успешноста односно на неуспешноста на економската политика и во која насока таа се води во овој момент во Република Македонија.

Според многу индикатори за тоа во кој правец се движи една економија се земаат три индикатори. Тие три индикатори во секоја држава во светот се исти. Тоа се индикаторите за растот на економијата, индикаторите за инфлацијата и индикаторите за степенот на вработеноста односно за степенот на невработеноста.

Што се случи кај оваа Влада со овие индикатори односно што се случува и во кој правец се движи.

Политиката на инфлација ја задржа истата како и претходно. Дури според изјавата на гувернерот вчера пренесена во медиумите и денес, се надевам дека не е погрешно пренесена, инфлацијата ќе го има потфрлено програмираното ниво за дупло од предвидени 2,5 гувернерот изјави дека оваа година најмногу, ако добро е пренесено, до 1,5 ќе заврши. Значи, инфлацијата како и во претходните години се контролира на нивото помеѓу 0 и 2-3%, дури оваа година мислам дека ќе биде очигледно ниско.

Владата ја започна годината со предвидување од 6%, меѓународните институции беа конзервативни, врз основа на движењата кои Статистика ги исфрли, за кои сега нема да навлегувам какви се и што се. Првиот квартал е 7,0% и врз основа на тоа Владата вчера, ако добро е пренесено во медиумите,господине министер ваша изјава е пренесена дека вие сте подготвени да го ревидирате растот нагоре, претпоставувам од 6%.

Што јас мислам за тоа?

Акоземеме дека податокот од 7% е точен, тој податок, наспроти тврдењето на Владата, дека е во сите сектори растот висок, според статистичкото соопштение на Републичкиот завод за статистика, растот над 7%, значи над просечен, е само во три сектори. Значи, 7% раст и повеќе имаме во индустријата, имаме во трговијата и имаме во транспортот односно сообраќајот и врските. Тоа значи дека овие три дејности го повлекле растот на 7%. Кај нив стожерот е индустријата со 10, затоа што најголемото учество во индустријата со 24-25% во нашиот бруто домашен производ. Индустријата во првиот квартал ги повлече транспортот и врските затоа што индустријата базира на метали кои во Македонија целокупното производство го базираат на увоз на суровини и извоз на метали и трговијата.

Јас би бил повнимателен што ќе се случува, од следните причини. Во вторите три месеци растот ќе го добиеме на 30 септември, според методологијата на Статистика. Меѓутоа, тој раст е веќе тој, сега ние не ги знаеме податоците, влезени сме веќе во третиот квартал. Локомотивата на растот во првиот квартал индустријата со 10%, што се случува со неа во вториот квартал? Еве да видиме што се случува.

Според соопштението на статистика, ова е познато, само го сублимирам, растот на индустријата во април, првиот месец од 2 квартал бил 5,3%. Значи, за дупло понизок од 10-те проценти што е раст во првиот квартал. Во мај, а тоа е вториот месец од вториот квартал, еве го соопштението од статистика, растот е намален за 5,8%. Значи во мај имаме пад од 5,8. Под претпоставка која не е далеку од вистината дека индустриското производство во Македонија

сезонски е дистрибуирано на 12 еднакви делови. Не е така, меѓутоа, во основа е така. Секој месец од прилика тежи колку и другите месеци. Во април и мај индустриското производство ни е нула, затоа што еден месец ни е плус 5, а вториот месец ни е минус 6. Ако во април и мај индустриското производство ни е на нула во третиот месец од вториот квартал индустриското производство, потпретпоставка, е ве денеска е 25-ти претпоставувам дека во понеделник ќе го исфрли, не ја исклучувам варијантата министерот да знае, бидејќи секогаш однапред два-три дена статистика кажува, да ни соопшти колку е во јуни, меѓутоа, под услов дури и да е 5% во јуни. Кога ќе се дистрибуира на кварталот 5% ќе биде на 0 првите два месеци и пет во третиот месец, кварталот ќе заврши со 1,5%. Дури индустриското производство да е 9% во јуни, дистрибуцијата во кварталот ќе биде на 0 април и мај заедно три проценти. Значи, во вториот квартал индустриското производство од 10% ќе ни се спушти, по моја претпоставка,во границите помеѓу нула и 3%. Ако индустријата со 10 повлече на 7, индустријата помеѓу нула и 3 во вториот квартал, не знам дали може да повлече на 7. Особено што сите други дејности, освен индустријата, трговијата и транспортот се под 7. Дури финансиските услуги беа 2, јавната администрација е 1 или 2, тие учествуваат, како што знаете, со големо учество, мислам партиципираат во бруто домашниот производ.

Јас би бил многу претпазлив што ќе се случува со бруто домашнот производ до крајот на годината.

Тоа што би сакал да замолам, уште од сега е кога ќе биде објавен податокот, ова се подсатоци за физичкиот обем на индустриското производство, меѓутоа, физичкиот обем со бруто домашниот производ корелира. Физичкиот обем беше 10%, бруто домашноит производ во првиот квартал на индустриското производство беше исто така 10%.

Ќе бидам многу заинтересиран што ќе биде вториот квартал и дали на 30 септември премиерот со целата Влада ќе одржи прес конференција да ни соопшти колку е растот во вториот квартал и постапно до април идната година кога ќе ја знаеме 2007 година целосно, на 1 април ќе ни ја соопшти.

Има и други битни фактори што се случува со индустриското производство и со бруто домашниот производ во индустриското производство. Тоа е додадената вредност. Кај нас се базира на индустријата, кај индустријата се базира на металите, а металите базираат на берзата во светот. Тој тренд ќе потрае. Докога и како не знаеме. Меѓутоа, еден ден движењето, како што беше ан средината на 90-тите години кај металите, каде сите овие наши извозни метали беа на исклучително ниски гранки и ги затворија сите фабрики кај нас, се случи ли тоа, непреструктуираната индустрија повторно ќе не закопа во нулта или негативна стапка на раст. Така што би бил многу претпазлив што ќе се случува, иако трендовите се тие. Да не заборавиме, бидејќи имаше изјави и во овој Парламент и во јавноста, од страна на владини претставници за бруто домашниот производ дека оваа Влада требало сега да поминат 2-3 години за да даде некаков ефект. 2-3 години, ќе поминат за нешто да даде ефект под услов ако вие почнувате со нешто од нула. Македонија така почна во 1944 година. Вие не можете да тврдите дека вашите мерки 3 години ќе ги чекаме, со оглед што и претходно имало мерки. На пример растот на економијата во последните, еве да речам во минатиот мандат на Владата на ВМРО-ДПМНЕ, просечно беше 1% годишно. Значи 1998-2002 година нашиот бруто производ порасна 1% годишно. Од 2002-2006 година, процентот е дигнат на 4%, меѓу 3,9%, 4%, 4,1%, сега гледам некои статистички нивелирања има и тоа 4.0% на 4,1% е финалниот податок, ако точно е напишано, што значи еден огромен чекор меѓу 0,1% до 4% е направен. Владата нема право да зборува дека сега почнувале од нула. Според мене, тоа се играчки за мали деца.

Третиот по мене најбитен индикатор на кој сите влади во Македонија го добивале и ги губеле изборите, а најчесто ги губеле, е индикаторот за вработеноста. Инфлацијата и бруто домашниот производ. Ако е ниска инфлацијата, како што и секогаш била и ако бруто домашниот производ не генерира нови работни места, Валдата не ја исполнила целта.

Гледам премиерот инсистира во секоја изјава да ги брои годините, па месеците, па неделите, па деновите, уште малку и часовите колку тој бил на власт за да избегне да соопшти дека е една година, ако може да ги смали. Не е битно колку сте на валст, битно е уште колку ви остана. Во април 2010 година ќе бидат распишани нови избори, по сила на Уставот, ако нема претходно. До тогаш има неполни 3 години. Џабе оваа Влада цело време нас ни кажува, ние не сме една година на власт, сме 11 месеци, 13 дена и 14 часа, ког амандатот е уште 2,5 години. Во февруари ќе заврши работата на Владата, ќе влезат природно во кампања пред крај 5-6 месеци, а во април ќе се распишат изборите за да се одржат крајот на јуни. На кого Владата му кажува дека е на почеток на мандатот. Уште неполни 3 години има, или 2,8 месеци. Толку е и ние од неа со право веќе треба да очекуваме резултати на ова поле, а според мене тоа беше неуспех на сите поранешни влади. Што и да правите, ако бројот на невработени не ви се намалува, ако стапката на невработеност ви е таа што е, ни една мерка не е успешна. Македонија има проблем со огромниот број на невработени. Ако мерките не се насочени да се намали бројот на невработените, тие мерки никој нема да ги верификува. Впрочем тоа го кажува и актуелниот министер за финансии. Во еднос вое интервју соопшти дека нас ќе не оценуваат според тоа дали бројо тна невработени се намалува или не. Меѓутоа, мислам дека Владата е прекомотна да

очекува нешто, не знам уште колку, за уште 2,7 години, доаѓаат изборите, нема резултати на тоа поле.

Бројот на невработени, според последниот преглед од Агенцијата за вработување е 369.680 невработени. Сите мерки можат да даваат резултати, ако бројот на невработенис тагнира на 370 илјади, не го решаваме пробелмот на ова население. Проблемот на населението е ниската вработенсот и високата невработенсот. Затоа семтам дека Владата со буџетската политика што ја води, не е насочена кон тој проблем. Видете кои се главните инструменти на трошење на средствата, стоки и услуги, нови спортскисали, нови музеи, нови компјутери, нови промоции. Колегите зборуваа за тие мерки. Тие не се насочени кон невработенсота, ниту пак кон развој на економијата на долг рок. Изградбата на музеите и на спортските сли ќе ја поттикант економијата само во сферата на инвестирањето во градежниот сектор кој ќе повлече малку градејки ги. После нема да враќаат. Што очекувате, музеите и спортските сали да вратат. Ќе вратат патишта, железници и на тоа ќе се осврнампосебно.

Ако Република Македонија кубури со железничките линии, ако Република Македонија зема кредити од Светска банка 10 милиони евра да гради железница, а ние вложуваме трипати повеќе средства во спортски сали. Па кој ќе ја развие економијата побрзо, ако ни е тоа главната цел. Музејот на восочни фигури? Тоа е комерцијална работа. Што бара Владата да влегува во музеи на восочни фигури? Па уште премиерот на ПЕРС конференција ни кажува, а тој тоа го видел во Тисо. Добро е што го видел, ама веројатно го носеле како гостин па не сватил дека таму се плаќа карта 15 фунти или 25. Тоа е музеј на восочни фигури, а не е музеј на восочни фигури Владата да прави нешто што не му е место. Владата треба да ги насочува во инвестиции. Спортските сали не враќаат економски ефекти, враќаат некои други ефекти, а нас главниот пробелм ни е економијата. Секоја почит за министерот за финансии што обезбедил на оваа Влада на која и тој е член, да не заборавиме, тука се избираме односно се избира Валдата со следната реченица - се избира, не знам, Трајко Славески за член на Владата и министер за финансии.

Министерот за финансии обезбедил 80 милиони евра нови средства во оваа година, кои никој не ги планирал. Ќе кажам нешто и за таму од каде се обезбедени, мое видување. Сега, Владата која ги троши парите, јас лично мислам, познавајки го приватно и службено господинот Трајко Славески дека не се согласува со ваквите трошења. Меѓутоа, тој не може да се избори во Владата, претпоставувам. 80 милиони нови пари поклон од Телеком, од пред две години дивиденда и т.н., ќе кажам нешто повеќе, на тацна на Владата. Господине министер, односно не вие, вие сте ги собрале парите и за тоа секоај чест, сте обезбедиле на Владата да обезбеди потрошувачка 80 милиони. Меѓутоа, Владата му ги насочива, компјутери за училишта, спортски сали, промоции, музеи, стоки и услуги 1 милијарда плус. 80 милиони плус. Па дајте две работи да решиме. Дајте автопатот да се доврши, дајте пола од тие 80 милиони во Железница да ги насочиме. Со 40 милиони ќе се изгради железницата на сите места каде што имаме тесни грла и ќе се пуштат линиите. Ние молиме пред Светска банка 10 милиони за железница, од нив за сигнализација 2 милиони, во долари зборувам, за вагони 4 милиони, за инфраструктурата 3 милиони, а ваму милионите ги фрламе во воздух. Патната мрежа во Македонија ни беше предност. Веќе соседството не престига. Извинете господин министер, меѓутоа интервенциите во патната инфраструктура каде што нема јавно претпријатие како Железница, не го следи растот на вашите приходи. Таму имаме подфинансирања. Фондот за патишта минатата година со ребалансот го задржавте на исто ниво, со Буџетот за 2007 на исто ниво, со ребалансот на исто ниво. Па дајте таму малку да се финансира. Тоа го зголемува растот. Да овозможиме транспортот да функционира, да има пристапи и т.н. Мислам дека тука политиката малку робува на фиксација на премиерот дека ако случајно напишал музеј на ВМРО, тој мора да се изгради. Ако напишал некоја восочна фигура на Тодор Александров да стави внатре, мора да ја стави. Ако напишал компјутер за секое дете, мора да го обезбеди. Погрешна ви е програмта, не соодветствува на стварноста.

Не сте напишале дека пожарите ќе бидат во програмта и сега се вртите околу државава, секој ден трчате од камера до камера, за пожарите, наместо да седнете и да предложите амандман овде, да ни кажете дека 10 нови возила со 2 милиони евра ги симнуваме од спортски сали и ги ставаме за противпожарни возила, ако се 200 илјади евра, претпоставувам, не знам колку се. Меѓутоа, една фиксација, програмата по секоја цена. Програмата не е библија, ниту пак во овој момент е соодветна. Македонија има некои други приоритети. Не сте предвиделе таму. Европската унија сол над глава ни трие секојдневно, реформи во судството, во судството немаме доволно финансии, а очигледно имаме вишоци. Насочете го судството, па Европската унија да рече еден критериум задоволуваме плус. Некако мислам дека целата работа се разблажнува и дека не можеме да очекуваме економијата да напредува, ако постојано Буџетот ни служи за задоволување на партиските интереси на некои партии, во овој случај на ВМРО-ДПМНЕ. Затоа сега, за да сумирам, Владата нема да ги реши основните проблеми на висок раст и на пониска невработеност со вакви ребаланси на Буџетот. Буџетот го оставам на страна. Сега предмет на интерес се овие нови 80 милиони евра,

непланирани дојдоа тука и сега? Мислам ако еден пратеник или во јавноста просечен човек го прашате, 80 милиони нови се делат, каде одат? Никој не може да наброи ништо. Спортски сали ќе ви кажат. Мислам дека дистрибуцијата е погрешна и дека Владата требаше да биде поцврста на ваков подарок од Министерството за финансии. Меѓутоа, очигледно тоа не се случува.

Би сакал да кажам уште за движењето на неколку важни економски индикатори, кои не предизвикуваат директни влијанија, меѓутоа се важни затоа што индиректно, се значајни за растот за невработеноста за инфлацијата на среден и на долг рок без кој не може. И да кажам, мое мислење што всушност таму се случува.

Политиката на буџетски дефицит да се држи на ниско ниво, јас ја подржувам. Меѓутоа и таа за волја на вистианта е востановена во 2003 година. Од тогаш до денес се држи во границите помеѓу нула и 1%. Никогаш не надминала 1%, дури и на општа влада како што е ова. Јас ја подржувам и Владата и министерот за финансии, да продолжи цврсто на политиката на низок буџетски дефицит, што го наследни рака на срце од минатата Влада.

Меѓутоа, знаете како, има суштина и има форма. Значи Владата ни предложи Буџет со 3,3 милијарди дефицит во декември, само момент еден, точно да ја кажам бројакта, 3,4 милијарди. 3,4 милијарди дефицит со Буџетот од декември и сега што се случува. Владата ни доаѓа со ребаланс од 80 милиони ера што е 4,5 милијарди денари дополнителни средства, и сега господин министер за финансии, мислам дека ќе беше одличен потег дефицитот во најмала рака да го задржите на 3,4 или да го намалите на 3,3. Сто милиони помал дефицит. Зашто имаме 4,5 поголеми приходи. Министерството за финансии одлучува на 4,5 милијарди нови пари од планираните, да ги потроши сите и плус дефицитот да го зголеми за 100 милиони денари, од 3,4 на 3,5 милијарди денари. Стоте милиони не се ништо во макроеконосмките равенки. Меѓутоа кажуваат по мене една свест на Владата. Ако пред 4 месеци со 4,5 милијарди помалку пари сте предвиделе 3,4 милијарди денари дефицит, па ќе беше добро да ни предложите малку да се намали дефицитот, односно да се намали задолжувањето на државата во крајна инстанца. Ем 80 милиони евра нови приходи, па уште 1,5 милиони евра нов дефицит. Зошто? Покажете волја дека сме подготвени да го контролираме дефицитот во апсолутно ниво, на малку пониско ниво. Еден милион денари, 15 иљади евра да го намалевме и да кажеме од новите приходи покриваме дефицит. Мене ми е несватливо зошто и дефицитот мораше да оди нагоре, иако тоа суштински не значи ништо. Знаете каков показател е тоа на потрошувачката манија на оваа Влада. Значи да се потроши се што се може. Зголемете го малку депозитот на државата. Да немаше депозит државата, немаше пред време да ги враќате долговите. Добро е што тековната сметка на државата се одржува, од прилика, според податојот од првиот квартал, 3-4 месеци што ги исфрла Народната банка, на нивото од околу 0% дефицит или суфицит, како сакате кажете го. Трендовите до крајот на годината не знам како ќе одат. Тој тренд, охрабрувам, да се задржи, затоа што е востановен во 2005 година и од 2005 година наваму ние живееме во зона на исклучително низок дефицит на тековната сметка на државата и тука немам никакви забелешки освен да се продолжи сомерки на економската политика, а тој дефицит да се контролира. Меѓутоа проблемот на трговскиот дефицит, во рамки на тековната сметка, останува. Јас ги земав последните податоци што се објавени од Заводот за статистика што премиерот исто така ги соопштуваше овде пред два дена, кој рече дека извозот расте дупло повеќе од увозот, што не е точно, според податоците од Статистика. Според соопштението на Заводот за статистика, расте, меѓутоа не дупло, расте 60% побрзо, а дупло е 100%. Значи како премиер, би требало неговите советници или ресорите кои го хранат со податоци, да му дадат малку попрецизни податоци затоа што за еден премиер да соопштите дупло побрзо, 100%, а да е 60%, мислам дека е една мала манија, постојано да се преувеличува. Меѓутоа, она што треба да не загрижи е дека, ако нас извозот ни расте со 50%, заради условите на светскиот пазар, а увозот ни расте со 30%, исто така заради условите на светскиот пазар, тогаш нашиот трговски дефицит ќе се зголемува, затоа што 30% во апсолутни бројки е многу повеќе на 3 милијарди отколку 50% на 2 милијарди. Тоа е сосема јасна логика. Отаму, во првите 5 месеци дефицитот воапсолутни бројки, иако не се доволно релевантни, достигна 550 милиони долари трговски дефицит. Тоа е исто така еден историски рекорд. Колку е тоа во однос на бруто домашниот производ, што е регуларен начин на мерење, не знам. Меѓутоа, проекциите на платниот биланс на државата, што ги изнесе министерот минатата година беа такви да можеме да очекуваме тој оваа година да се зголеми. Според податоците, нема да се зголеми, но нема ни да се намали. Меѓутоа, апсолутното ниво, за 5 месеци 550 милиони, значи дека за 12 месеци ние ќе влеземе во 1.000.000.300 долари трговски дефицит и еден ден кога на капиталната сметка на државата приливите ќе почнат да лењаваат, да се намалуваат, кога нешто може да ни се случи и на тековната сметка кај другите неструктурни, како трговскиот кој е структурен проблем на Македонија, приливи, како што се да речеме дознаките и трансферите од странство. Сега е време за трговскиот дефицит да се превземаат малку порадикални мерки штоподразбира дека со тоа нема да се стекнув апопуларност. Популарноста не се стекнува кога се води политика на намалување на трговскиот дефицит.

Јас на пример, господин минситер, се сеќавам дека како министер на вашето место пред три години, токму за заштита на тековната сметка на

државата и за заштита на растечкиот трговски дефици, воведовме акциза на автомобили. Увоз на луксузните автомобили, на оние до 1300 по 200 евра само колку да се одбележи, не е никакво значење. Увозот на колите драстично падна и се намали во тоа време околу 100 милиони долари. Се сеќавам дека ВМРО-ДПМНЕ беше радикално против тоа. Еден ден се дискутираше за таа една одредба од законот овде. Бидејќи бев на другата страна, можам да кажам и кои луѓе зборуваа по еден час. Тука некои седат, некои не седат, некои се во Владата, како премиерот, премиерот зборуваше и е во Владата и очекував дека кога ќе дојдат со толку големо противење на таа мерка за заштита на трговскиот дефицит и на тековната сметка, Владата ќе ја укине. Помина 2006, помина 2007, Владата не ја укинува мерката. Знаете што очекувам од оваа Влада? Се плашам дека на граѓаните ќе им каже во декември 2009, пред изборите од 1 јули 2010 се укинува, што значи цел мандат ќе си го извози на грбот на таа мерка и ќе каже од идниот мандат ќе ја нема. И, тоа е сериозно навлекување на јавноста. Мене господинот Трајко, координаторот на пратеничката група, пред неколку седници ми читаше стенограми што сме зборувале во минатите состави за некои мерки. Еве сега да кажам, пошто бевте против таа мерка, зошто не ја укинавте. Туку, сега ќе се извозите на таа мерка до крај на мандатот и после ќе бидете многу дарежливи, по истекот на мандатот ќе ја укинете. По истекот на мандатот не треба вие да кажувате дека еден ден кога ќе се приближиме до Европската унија, можеби ќе биде и небитна таа мерка. Сега е битна и ако сега не ја укинувате, сега можам да наведам многу такви мерки. Јас не викам дека треба да се укине мерката, јас ја воведов, односно Владата до 2006 година, меѓутоа сакам да кажам дека таа и слични такви мерки даваат резултат сега и дека тековната сметка ни е балансирана, што е голем успех на Република Македонија и дека таа политика ќе ја поддржам да продолжи Министерството за финансии, Народната банка и Владата во целина кои имаат надлежности да ја водат на таков начин. Меѓутоа, исто така ќе кажам дека тој баланс не е воспоставен од 2006 или 2007 година, туку е воспоставен малку од претходно. Исто како што е воспоставен претходно и трендот на тоа што сега Владата постојано се фали во јавноста на зголемувањето на девизните резерви. Без разлика каква одбојност предизвикува кај јавноста. Ние во Парламентот мора да сме сериозни и да сфатиме дека политика на билдање на девизните резерви за Македонија е многу значајно од икс причини и тоа нема да ги образџлагаме сега, зашто ќе трошиме многу време. Мене ми е драго што министерот за финансии се согласува со таа политика, како што ја даде изјавата вчера, меѓутоа во Владата имаме и различни изјави. Има изјави на членови на Владата кои формациски над министерот за финансии се, кои одат во обратна насока. Јас како пратеник, дури и на опозицијата господине министер, министер за финансии, отворено да кажам и на гувернерот, ќе ги поддржам мерките девизните резерви да не паднат под нивото од 4 до 4,5 месечно покритие. Со оглед на тоа дека увозот во Македонија во првите три месеци расте за 31% во долари, со оглед дека доларот од еврото во последниве пет месеци не се оддалечи или приближи многу во основа, во евра ни расте и статистика во долари ни ги исфрла уште, тоа значи дека нашите девизни резерви многу брзо методологијата која ја применуваме во државата и на која не знам дали ММФ го побара од вас, ќе побара, пред да побара ММФ, ако не побарал, јас како пратеник се залагам да се ревидира четиримесечниот износ. Затоа што, во последниве четири месеци извозот 30% зголемен, што значи дека девизните резерви треба да се зголемат за 30% за да го покријат четиримесечниот увоз кој расте за 31%. Ние сме имале милијарда ипол девизни резерви кои покривале увоз од 500 милиони, од 300 милиони, меѓутоа ако увозот е 400 милиони, ние треба соодветно за тие 100 милиони по 4 да го покачиме и нивото на девизните резерви. Мислам дека тој тренд е добар и тука Владата никако не смее да попушти на надредените на господинот Трајко Славески. Господин министер за финансии јас ве поддржувам во тоа што вчера го изјавивте да не попуштите на вашиот потпретседател и вашиот премиер надредени над вас за економијата и премиерот, кои даваат контрадикторни изјави на ова поле. Инаку, девизните резерви како тренд на ова ниво се стабилизирани пред да дојдете на власт. Вие тоа го критикувавте како опозиција, дури се сеќавам на дебата во овој Парламент на господинот Груевски како пратеник, кој кога се продаде ЕСМ, девизниот прилив од 200 и нешто милиони бараше Владата да го вклучи во Буџетот за инвестициони проекти, кога ние кажавме дека ќе останат во девизните резерви, односно вие ќе ме сфатите подобро од другите, да остане девизен депозит на Министерството за финансии односо на државата. Зашто девизните резерви се и Народна банка, каде што и вие и ние немаме ингеренции, меѓутоа имаме ингеренции над девизните депозити на Министерството за финансии, кои се дел од девизните резерви. Вие баравте инвестицини проекти, мене ми е драго што Владата се премисли и тие ги употреби за предвремена отплата на долговите кон Светска банка и кон Евопска инвестициона банка делумно. Меѓутоа, не ми е драго што додека бевте во опозиција изјавувавте дека Владата греши и го навлекувавте населението да очекува од вас дека еден ден кога ќе дојдете на власт ќе потрошите 200 милиони евра во јавноста за некои проекти, незнам какви и дека со тоа во Македонија ќе настане бум. Дојдовте на власт, парите не ги потрошивте за тоа. Јас и за тоа ве поддржувам, меѓутоа апсолутно не е фер да го смените мислењето, а јас сум сега опозиција и за тоа постојам, да ја потсетам јавноста дека јававте на

крилата и со прес конференции, парите да се трошат за инвестиции. Сега дојдовте и не ги потрошивте, тоа се вика изборна измама, збор што вие го употребувавте за нас. Тоа се вика изборна измама. Незнам што ви пишува во вашата изборна програма, сосема е небитно, седниците на Парламентот и прес конференциите се сосема соодветни и вие таму кажувавте дека парите треба да се трошат.

Го поддржувам трендот на намалување на задолженоста на државата и тој тренд е воспоставен 2004 година, а исто така да потсетам дека трендот е нагорен до 2002 и достигна до 52% од бруто домашниот производ задолженост на државата. Предадена е државната власт на ВМРО од 52 на 39% задолженост општо на државата и внатрешна и надворешна, а сега Министерството за финансии ја продолжува политиката на намалување на јавниот долг, што од мене исто така има поддршка.Меѓутоа, да потсетиме, дека во суштина Министерството за финансии долгот кон странство го сервисираше со приходите од приватизацијата на делот од ЕСМ-Дистрибуција. Тоа во економијата може да се толкува вака, еден пример за колегите да ме сфатат подобро. Вие можете како семејство да имате 15 иљади евра заштеда и 10 иљади евра долг кон банка. Вие имате актива од 5000 евра и сте позитивни. Вие можете да решите долгот на банката да го намалите на 3000 и да отплатите 7000 и да се пофалите дека веќе не должиме кн банките до 10.000 евра, должиме само 3000 евра. А, тоа што не го кажувате е дека на вашата штедна книшка веќе немате 15.000, туку ви се намалила за 7000 и имате само 8000 евра. Позитивното салдо ви е повторно 5000 евра. Тоа во суштина го направи државата, Владата на Република Македонија кога се раздолжи предвремено кон некои од кредитите. Девизните депозити кои ги има ги употреби. Нето ефектот е ист, особено во услови кога Владата продолжува со сериозно задлжување кон надвор. Во овој момент на дневен ред во Собранието ни се доставени, а сеуште не сме почнале да дебатираме, пет закони од Светска банка со кои Владата продолжува да се задолжува и нивниот износ е над 50 милиони евра. Еден е ПДПЛ-2 со 30 милиони долари, еден е земјоделие, енергетика, се знае кои се, тука се, доставени ни се, потпишани се од премиерот, над 50 милиони нов долг. Значи, Владата води малку контраверзна политика. Во исто време на Светска банка им отплаќа долг и во исто време се задолжува кај Светска банка. Претпоставувам дека игра на каматните стапки, кои не верувам дека се поголеми од 1% разлика помеѓу тоа што го плаќате и тоа што земате нов. Меѓутоа, јас би предложил со оглед дека трошењето на кредитите од Светска банка, кое станува малу и контраверзно, прво, девизните резерви одат нагоре, ја намалуваме задолженоста, а земаме кредит ПДПЛ-2 за поддршка на платниот биланс од 30 милиони долари. Тоа ни го доставивте и тука ни е на дневен ред. Логично е една земја би се заблагодарила на Светска банка и би рекла продолжувам со аранжманот, како што направивме со ММФ. Меѓутоа, за поддршка на платниот биланс не ни треба кредит, девизните резерви ни се огромни, задолженоста ја намалуваме со предвремена отплата, зошто ни е тоа. Претпоставувам дека Владата од респект, несакајќи да се замери со Светската банка, продолжува по инерција да зема нешто што не ни треба. Јас сериозно би преговарал со Светската банка ПДПЛ-2 да не го земеме, не ни е потребен, тој нема да ја зголеми платно билансната позиција на Македонија и така имаме и премногу девизни резерви. Дури и не би се задолжил кај Светската банка за проектите што ни ги дадовте овде 4 и 5, без ПДПЛ-2 се 4. Тоа е така затоа што задолжувањето кога се трошат парите предизвикуваат дефицит кој вас ви е вкалкулиран во овие 1%. Па, зошто воопшто да се задолжуваме со камати кај Светската банка, па макар иниски, кога можеме исто така ќе биде дефицит од девизните депозити на државата да ги искористиме тие пари. Наместо дефицитно да финансираме проект во земјоделието со кредитот Светска банка со 4%, ајде од девизните резерви на државата, од делот на депозитите на Министерството за финансии да ги искористиме тие 10 милиони евра, безкаматно да се финансираме. Тука е сериозната заштеда господин министер за финансии, кога веќе сме дошле во таа ситуација. Меѓутоа, сметам дека задолжувањето оди по инерција, тие пари можеме да ги потрошиме, а ако неможеме да ги потрошиме, тогаш јавно прашувам зошто пред време се раздолжувате во април, за во мај да ги земете кредитите назад за други дела. Тогаш, продолжете со отплата на кредитите, а од свои извори финансирајте си ги програмите дома. Се разбира дека овие математики јас не можам да ги знам до детали со процентните поени, но општата логика ми е малку чудна, особено за ПДПЛ-2. Јас би го пренасочил ПДПЛ-2, би преговарал со Светска банка, сега зборувам како пратеник, тоа да биде програма која ќе продолжи без финансиска поддршка која ни е непотребна, особено што Владата зема кредити кои се со грејс период, кои на никого ништо нема да му служат, а ќе дојде до отплаќање и на нив имаме каматни стапки. Мислам дека Владата испушта еден од сериозните таргети, растот на приходите на државата значително го надминува реалниот раст на ПДПЛ-2 по сите основи. По сите основи и тој на ММФ од 44,5 и вашиот предвиден од 6. Значи приходите и расходите на државата галопираат, веројатно, од година во година со двоцифрен број нагоре и тоа наместо да го намали учеството на јавната потрошувачка во бруто домашниот производ, мислам дека ќе го зголеми и дека тоа ќе остави трага, затоа што тие трошоци тешко ќе се враќаат назад еден ден. Да дадам само пример. Не е трошокот за изградба на 20 или 30 спортски сали, вие тоа добро сите го знаете да се изградат.

Утре треба некој да се вработи да ги одржува, некој треба да раководи, некој треба да ги чисти, треба да се плаќа струја, вода, затоплување и други трошоци и тие спортски сали ќе предизвикуваат дополнителни трошоци во Буџетот, без разлика кои, дали директно во Буџетот, дали преку трансфери до општините, па општините ќе си ги плаќаат, дали во некое јавно претпријатие, се е тоа во општиот Буџет. Ние предизвикуваме трошоци долгорочни кои ќе ни одвлекуваат средства за некои други намени.

Дозволете да кажам дека приходите со кои е ребалнсиран Буџетот денес во основа базираат на две сериозни зголемувања кај приходите. Едно е зголемувањето по основ на дивидендата од ТЕЛЕКОМ, која според разликата во Буџетот изнесува над една милијарда и 200 милиони денари, дваесетина милиони плус и уште зголемување кај данокот на добивка кој од предвидените 3,7 милијарди, ќе заврши со 5,3 милијарди односно милијарда ипол плус. Тоа се двете поединечно најголеми, две ипол милијарди и повеќе од ребалансот се должат на овие две. Дозволете да се обидам малку да ја стишам еве еуфоријата на Владата и на пратениците од парламентарното мнозинство дека двете овие, господин министер базираат на активности кои се пред вашите мандати. Вие сега ја трошите дивидендата од 2005 година, кои заради други околности кои не се во надлежност на нас, ТЕЛЕКОМ не ја подели во 2005. Вие сега ги трошите парите кои не верувам дека ќе продолжат да течат така. Сегашните 46 милиони се од некое друго време, неисплатена дивиденда која требаше да се исплати во некоја друга влада, тука ви е еден од најзначајните зголемувања на потрошувачката во оваа година. Второто ви е од данокот на добивка, со кој мислам дека неколку пратеници Николов и други со право ви укажаа дека претенденциозно ви е да кажувате дека мерките за намалување на данокот на добивка од 15 на 12 дал резултати, затоа што еве добивката се зголемува. Оваа добивка е резултат на активностите во 2006. Доказ за тоа е вашиот документ кој ни го дистрибуиравте на Комисијата за финансии по месеци како се одвива приходот од данокот на добивка. Во месец март вие имате приход од милијарда и 400 милиони данок на добивка. На сите ни е јасно зошто токму во март. По завршните сметки се утврдило во 2006 многу повеќе од авансираната добивка за 2006 и по завршна сметка ја исплатиле разликата, која била очигледно милијарда нагоре. Меѓутоа, таа била во 2006 не во 2007 година. Колку ќе биде добивката во 2007 година ќе видиме по завршните сметки и по авансирањето во 2008 година. А, овие приходи се базираат на некои активности од 2005 и 2006 година кога неможе оваа Влада да си ги приушти како придобивка односно како нешто што таа го направила. Тука неможете да ме убедите и јас знам дека после ова ќе има настапи, убедувања, меѓутоа мислам дека е тоа на тенки нозе.

Исто така, вие базирате прекции на намалени даноци по основ на персонална добивка, кои во Буџетот од 7,5 милијарди се зголемува на 8 милијарди, 500 милиони повеќе персоналец, кој не се исплаќа авансно, туку се исплаќа во тековната година и вие сега со тоа ни соопштувате дека мерките дале резултати. Помалите даноци предизвикале, помалите даночни стапки предизвикале повисоко плаќање и затоа имаме повисоки приходи. Не. Ова само покажува дека вашето проширување на даночната основица е многу позначајно, отколку намалување на даночната стапка и по тој основ вие зафаќате повеќе персонален данок од правните лица, односно мерките што ги воведовте се сомнителни и покрај намалувањето на стапката од 15 на 12, основицата опфати многу други позиции, кои го билдаат сега Буџетот нагоре. Единствениот одговор на тоа кој можам да го прифатам е, ако презентирате дека има поголем број на вработени односно логиката дека со помали даноци работодавците ќе ги пријават работниците, ќе им се исплати да бидат пријавени и тие пријавени ќе плаќаат повеќе даноци. Меѓутоа, јас барам да ми презентирате податоци дека има поголем број вработени. А, нас ни се презентирани податоци за ист број на вработени. Значи, сивата економија не е елиминирана, даночната основица е проширена и мислам дека пратеникот Слободан Најдовски, кој е тука а ги има податоците и ќе го дискутира тој тоа, бидејќи од него ми се информациите, нема да навлегувам во тоа, тој има прекрасна информација, во која со ист број на вработени, ние имаме повисоки даноци од персонал, повисок персонален данок.

Тоа значи, дека не е занемарена сивата економија, дека нема проширување на нови вработени, туку дека постојните вработени плаќаат повеќе персонален данок по основ на проширување на основицата. Еден доказ за тоа е Собранието. Вие немате пари за патните сметки, пратениците кои патуваат вон Скопје, навистина ми е непријатно, меѓутоа сум од Скопје, не го користам тоа, па можам да кажам во нивно име. Ги доведовме во позиција и вашите и сите по 2-3 илјади евра да им должи Собранието. Тие 2-3 илјади евра финансираат во патен превоз заради тоа што Собранието што сега плаќа и даноци, тоа значи дополнително на тие сметки, тоа го плаќаат и правните лица од економијата. Па сега, К-15 кој исплаќа порано не плаќал 15%, но сега плаќа намалена 12%, па сега што е повеќе да не плаќате 15 или да плаќате 12? Овие даноци по основ на персоналец мислам дека оваа дебата на Собрание, ако не тогаш треба сериозно да ја водиме за да видиме на што се должи. Ќе причекаме расправа од другите пратеници, евентуално од министерот, ако се јави.

Сега, дозволете, без да навлегувам во поединечни ставки, за тоа ќе има амандманска расправа, да го соопштам мојот скромен став дали Владата, нешто кажав, поведен од онаа расправа за дефицитот, дали Владата на

правилни места и како ги распределува. Знаете, кога ние бевме на власт најчестиот збор овде беше немате развоен буџет, парите ви одат во тековни трошоци. Колку се, господине министер, тековните трошоци во Буџетот? Пак се 80%. 0,1, 0,2 повеќе за четири години ќе стигнете до 0,5, а работата е од 80 да се сведат на 60. Можеби јас немам многу право да критикувам, морално право, затоа што и јас како министер за финансии не успеав многу, затоа што има многу ограничувања. Втората форма од реформата на пензискиот фонд со воведување на вториот столб повлече 2 милијарди тековни трошоци. Од инвестиции за вториот столб. Вие тука не можете, можете во инвестиции, немате втор столб, немате реформа во пензискиот систем. Вашата Влада го донесе законот до 2000-та година, не сакаше да го спроведе до изборите. Ние го спроведовме. Значи, тешко е тоа. Меѓутоа, добро е да запамтите дека кога сте во опозиција внимавајте што критикувате. Сега на власт ништо од тоа не постигнувате. Еве да ви кажам на толку зголемен буџет за плати со ребалансот зголемувате уште 300 милиони за плати. На стоки и услуги зголемувате две милијарди, а ни рековте со Буџетот за 2006 година кога се носеше за 2007 година дека зголемувате стоки и услуги наводно да покриете "дупки" од минатата власт. После два месеци предвремено отплаќате странски долгови. Тоа од дупките или од испакнатините од минатата власт се отплаќаа странските долгови пред време? Ако веќе има дупка и сега уште две милијарди, кај капиталните исто како и кај стоки и услуги. Јас ги заокружувам да не читам сега милијарда 853.643.245, никој нема да запамети. Две милијарди во стоки и услуги, две милијарди во капитални инвестиции. Пропорцијата е лоша особено што ребалансот нагоре е нешто што вие не го очекувавте, дивиденда од Телеком и добивка од минатата година очигледно многу поголема во 2006 година остварена отколку што мислевте. Каде одат капиталните инвестиции, тоа го зборував, нема да го повторувам. Промоции, реклами, сали, музеи, компјутери.

Компјутерксата активност во Буџетот, господине министер, не вие, вие не сте министер за образование и не ви се обраќам на вас, да не ме сфатите погрешно, се обраќам на Владата која е предлагач, е толку несериозно испланирана.

Еве јас направив вака, го замолив мојот син да ми каже од 28 ученици во класот колку од децата имаат дома компјутер и колку од нив посетуваат компјутерски курсеви во СЕМОС и не знам каде се одржуваат. Од 28 ученици 27 имаат компјутер. Отворено прашувам, немојте да инвестирате во мојот ученик компјутер, во мојот син од 100 евра, затоа што тој има дома од 1000 евра компјутер. Немојте да инвестирате во цел клас каде учи мојот син како ученик во Скопје, затоа штосите имаат компјутери дома и сите знаат многу повеќе отколку основното образование што ќе им го пружи сега со некој почеток, па со лап топ од 100 евра, кога сите дома имаат чудовишта, а ние ќе им даваме во училница нешто што го надживеале кога биле прво одделение. Направете селективна политика. На децата во руралните средини што немаат или во градските средини каде има население, тргнете од својот пример, претпоставувам дека и вие имате ученик, како што слушнав минатата седница, дека ништо нема да му значи компјутер на училиште со вака скромна конфигурација, како што ја најавувате. Направете поделба, дајте на децата во штипските села да имаат компјутери, нека имаат и помошни компјутери, одземете ги од оние од Аеродром каде јас живеам каде сите дома, во основа, имаат компјутер. Направете анкета.

Мислам дека има една активност која е како лавина, да се потрошат. Што ќе ставаат компјутери на ученици во Гимназијата "Корчагин" или во основни училишта, ќе им биде смешно за што сите им се послаби од дома, сите знаат многу повеќе од таму што има, затоа што родителите процесот на развој на општеството ги натерало родителите во најголем број на средини или во некоја од средините, родителите да се грижат за своите деца пред државата да се погрижи. И сега, непотребна активност. На кого ќе му ги однесеме тие во училиштето "Љубен Лапе" во Аеродром. Не знам дали е за средни училишта проектирано. Не знам. Меѓутоа можам да набројам десетици средни училишта итн. Не сум против тоа, тоа како што треба да се изведе во руралните средини или посиромашните слоеви што учат ученици, кои немаат такви услови дома. Меѓутоа мислам дека оваа како да кажам урамниловна политика насочена кон сите без остапување мислам дека на крај ќе предизвика потсмев кај дел од учениците.

Ќе мислат дека државата им овозможува нешто што они го надминале пред шест годни. Како знаење, како технологија, како ќе се обновува тоа, овие трошоци се сериозни сега со ребаланси, со буџет правите контракции. Ги финансирате. Ќе почнат да се расипуваат, ќе почнат да треба да се одржуваат. Компјутер се расипува најбрзо, тоа сите го знаеме, кога не работи само еден човек со него. Софтверско одржување, вируси, технички проблеми, се расипува, другото дете, кога ќе почне тој процес масовно да се одвива, трошоците од Буџетот ќе ги повлекува уште повеќе, се плашам да не влеземе во процес кој има крај. Треба да влеземе во процес кој нема крај. Постапно на сигурна основа. Тоа што можеме да го издржиме на дог рок, постапно да го зголемуваме. Вака паралелно од еднаш на сите јас лично се сомневам.

Второ, арно кажа еден пратеник тука од, мислам дека беше од власта, односно од ВМРО Народна, беше не знам од каде. 120 пратеници господине министер во Собранието немаме сите компјутери. Имаат пратеничките групи и комисиите. Тоа се 6 координатори и 20 комисии, 26. Значи на работа немаме компјутери, а Собранието, значи пратениците ни е потребно. Јас сега влегувам во

канцеларија кај претседателот на Комисија за да можам да ги извлечам на интернет, дома инт, ги немаме условите тука. Значи и тука има една политика во смисол ова сме го ветиле мора да го исполниме, ова не сме го ветиле не ни е обврска. Не е точно. Животот носи проблеми кои треба да се решаваат. Не само тоа што е во библијата напишано, во вашата библија.

Јас ве  уверувам дека вашата изјава што ја дадовте пред неколку дена која е суштинска ,не е изјава заради изјава, тоа нај не битно е зборовите и луѓето, битна е суштината, кога кажавте дека Владата нема да предложи амандман на буџетот кој е во расправа, а имате време уште 5 дена за нешто во врска со состојбата која не снајде. Тоа не е предвидливо, природни човечки фактори, спремност, неспремност на агенциите да се справат со тоа, на центрите, Агенција за управување со кризи, како се вика, треба да предизвика некој. Буџетот е жива материја. Дајте да купиме десетина возила, па видете Македонија во 2004 го изгуби авионот. Државен еден што го имаше. Ние интервениравме хитно, со првиот ребаланс обезбедивме средства 11 милиони долари да се купи авион. Не може држава да биде без авион. Премиерот е ваш, вие треба да летате. Го викаат во Брисел, нема да менува 5 авиони натаму и 5 наваму, па да ноќева таму затоа што нема линија. Ќе полета во 8 во 10 е во Брисел, ќе се сретне со Рен, без прес конференција ќе се врати побрзо со истиот авион. Да има прес, можеби ќе преспие. Значи, треба. И буџетската политика интервенира. Овде гледам една крутост на Владата не. Зошто не. Спуштете 2 милиона евра од негде веднаш со амандман од овие инвестиции таму негде од музеи, никој нема збор да ви каже, 10 возила, 5 возила, купете ги за недела дена, за две, не знам колку. Ќе затребаат и за иднината година. Има и други еве со енергетиката што ни се случува, ова вчера што се случи. Укажува на некои состојби со нас. Го поништивте тендерот за ТЕЦ Неготино, наместо да добиете 10 добивте две исправни понуди. Сега се бирате меѓу две. А имавме веќе избрана. И тоа со 900 милиона евра или долари, инвестиција. Ја поништивте, ништо не добивте. Добивте повеќе средства што се неважни на цената на ТЕЦ Неготино, наместо пет милиони, 30 е цената, тие се најнебитните 25 разлика, а да не заборавиме господин минситер, не вие. Дека вие вашата Влада ја капитализиравте ТЕЦ Неготино со 20 милиони евра. Вие бесплатно и дадовте 20 милиони евра мазут, а цената продолжи да си ја наплаќа. Е па видете, тоа што е непосредно е друга приказна. Значи, ако сте ја капитализирале со 20 милиона евра ТЕЦ Неготино лани во декември или о.г. во јануари, тогаш е нормално цената да се покачи за 2-30 милиони, тоа е сосема логично. Им дадовте поклон државен. И тоа е најнебитното. Изгубивме една година. И тука гледам буџетот тешко интервенира. Споро интервенира, итн. Мислам дека робува на некои шаблони напишани во некоја апсолутно не битна работа на која мора да се исполни се што пишува таму. Треба да е пофлексибилен, побрзо да реагира, итн.

И на крајот само уште еден збор, таму каде што Владата се почувствува најсилна, во Секторот на земјоделието. Сега веќе помина една година од мерките со намалување на ДДВ-то. Во Собранието и во јавноста и за мене како пратеник, се битни резултатите. Која ви била намерата да воведете мерка и што со неа да постигнете е една работа, што во реалноста сте постигнале, е нешто заради што се губат и добиваат избори. Сите Влади имаат добра волја за на крај добрата волја резултирала со неколку добра стварност и се губат избори. Вие го намаливте ДДВ-то на земјоделските импути, да кажам да не ги набројувам дејности, материјал, заштита, едно друго, помина една година од таа мерка, еве да видам како премиерот што вели 10 месеци и 14 дена, што добивме? Добивме дека пари од буџетот се одлеале кај трговците, наместо пари за патишта или училишта, добивме побогати трговци, а на грбот на земјоделците пивисоки малопродажни цени. Мерката за земјоделците ви е неуспешна, апсолутно неуспешна. За да не импровизирам се јавив лично на луѓе што работат да прашам ми кажуваат разлика од 50 од 100, тука Киров, што се бави со тоа ми ги кажа податоците директно, мерката не функционира. Треба да се размислува што со таа мерка. Ако вака продолжи таа мерка ќе остане на грбот на државата и земјоделците во корист на трговците. И трговците се бизнисмени, меѓутоа државата не треба на свој грб да го стимулира нивниот бизнис на таков начин, особено кога земјоделците губат од тоа. Повисоки се цените на ѓубривата и на другите импути.

Второ, она што е најбитното, јас ја почитувам вашата заложба дека буџетот за земјоделието треба да се зголеми од 700-800  милиони, на милијарда и 200, петсто милиони плус, зборувам во денари се разбира, и Владата тоа неколку пати го истакнува дека во земјоделието сега. . .

Меѓутоа, знаете што, има друга вистина, која нас како пратеници и особено вас како Влада одговорна за таа работа, треба да ви постави еден знак на прашање. Зашто во вашиот ресор на земјоделието, пошто буџетот не е Министерство за финансии, се разбира тоа ги одразува сите политики на Владата, се случи од 56 илјади корисници на субвенции во земјоделието да се сведе на 16 илјади. Според прес конференцијата на Министерството за земјоделие. И сега јас отворено прашувам што е подобро, да поделите 800 милиони, цифрите од прилика ги кажувам, на 56 илјади корисници или милијарда, двеста или триста, на 16 илјади корисници. Сакам да кажам дека попусто Владата во Буџетот пумпа средства за субвенции во земјоделието, ако бројот на луѓе на кои се дренираат средствата драстично се намалува како инка. И  минстерот за земјоделие е должен, наместо само во јавноста да обетува, да

дојде еднаш и во Парламентот да не соопшти што се случува со неговата политика за земјоделие. Со толку многу пари истурање таму, дали он завршува со ширење на лепазата за поддршка на земјоделците, или со драстично стеснување. Македонија со 2 милиони жители, само 16 илјади субвенциски барања да се поднесени е прашање за кое треба да мислиме. Он може да каже извинете меѓутоа земјоделците не поднеле немале доволно документација, гилотината таму функционира во обратен правец. Ги напумпавте земјоделците со 300 документи кои не можат да ги извадат, и наместо гилотина на документи, се сведе на гилотина на субвенциите. Ги сведовте на 16 илјади. Ти се гилотинирани. И сега министерот за земјоделие треба да дојде да ни објасни како во Македонија за десетици илјади се намали бројот на оние кои користат земјоделски субвенции со овој буџет кој отиде нагоре во сферата на земјоделието, и каде што толку многу внимание посветувате. Не гледам логика. Никаква логика не гледам. Освен ако има нешто друго. За тоа друго треба да се дојде и да се расправа во Парламентот, треба да се даде тука отчет, треба да се даде појаснување, треба да слушнеме, па можда има и некоја друга аргументација. Но оваа аргументација е на министерот и на неговиот портпарол. Кој порпарол наместо да се бави со СДСМ, треба да се загрижи за состојбите во земјоделието. Меѓутоа Министерство за земјоделие, малку малку, секоја недела попладне, гледаме дека исфрла портпарол на телевизија, кој зборува за СДСМ. Па јас по игра на случајот освен во весници и на телевизија ја видов изјавата, и ја гледам истата порпаролка од 2006, 5, 4, и 3. Кажува СДСМ направил, го уништил земјоделието, во кој ресор беше она портпаролка кога тоа го изјавуваше. Или мисли нема одговорност. Што не си поднесе оставка. Како порпарол, ако била порпарол на Министерство што го уништило земјоделието. Мислам дека Владата треба да поведе рачун, дека порпаролите на министерствата не се занимаваат со политички партии, се занимаваат со институции. Пратеник, министерство, меѓутоа да се комуницира од земјоделието, а да се сокрива фактот за ова што е суштината мислам дека е сосема несвојствено.

И да завршам во овие рамки мислам дека Владата не успеа напорот на министерот за финансии да обезбеди 80 милиони евра, 4,5 милијарди денари, дополнителни средства да го канализира на начин кој е потребен на државата. Мислам дека од ова трага нема да остане никаква. Едноставно парите како што дискутирав некако одат во непродуктивни цели. И затоа мислам дека не е на одмет идејата во буџетот Владата амандмански да интервенира, и така Владата си дозволува на многу закони кои се во тек, во дебата овде да ни доставува амандмани, на што ние се противиме, меѓутоа, сега кога е нужно потребно мислам дека никој нема да има никаква забелешка за тоа. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Поповски.

Министре, имате збор или реплика? (реплика), тогаш повелете.

**Трајко Славескик:** не можам во две минути.

**Бесим Догани:** Тогаш, земете збор, повелете.

**Трајко Славески:** Ќе ми дозволите мојот претходник да го почестам со излегување на говорница. Во мојата професија кога професорот стои покажува чест кон студентите. Секогаш кога предавам стојам.

**Трајко Славески:** Не мислев дека господинот Поповски ќе биде премногу задоволен од она што ќе го кажам сега, затоа штоен излегов случајно. Ако се согласував со се она што го кажа, воопто немаше да се јавам за збор.

Прво, во врска со тоа дали добро го познава или не го познава, офоцијално или приватно, министерот за финансии, па сега тој е несреќен, иако обезбедил 80 милиони евра, како тие се распоредуваат, ќе се делат. Морам да кажам ова е наш предлог, на Министерството за финансии и пред се Минисстерството за финансии на Владата и го предлага Нацртот на измените и дополнувањата на Буџетот. На Влада секако има извесни дискусии, дополнувања итн. и Министсерството за финансии целосно стои зад овој пердлог и за приходите и за расходите. Инаку, не би дошле тука да го браниме.

Вие селективно цитирате, вадите од контекст некои од ставките на расходната страна за кои сметаме дека јавноста ќе ги прими на не многу симпатичен начин, но не сум убеден во тоа, ен сум убеден дека компјутеризацијата на училиштата или комјутер за секое дете итн., е нешто од што треба да бегаме. Самиот дојдовте во една интересна или чудна ситуација. Забележувате зошто на работното место немате комјутер, а дома имате чудовиште од компјутер. Не сакам да навлегувам во тоа дали имате две чудовишта, секој посебно, рековте вашиот син има чудовиште од компјутер, 1.000 евра, не знам каква конфигурација, но претпоставувам дека детето не може да го носи компјутерот на училиште. Овие компјутери треба да служат во наставниот процес.

(Од место реагира пратеникот Никола Поповски)

Тоа се ваши зборови, чудовиште од компјутер. И јас го користам истиот израз. Чудовиште од компјутер е компјутер со многу силни перформанси. Се разбравме? Значи, можам да продолжам.

Значи, компјутерите се набавуваат за да можат да служат во наставно - образовниот процес и нема да се компјутери од 100 долари, туку ќе бидат компјутери кои одговараат на потребите на наставно - образовниот процес.

За некои тенденции во водењето на економската политика беше добро овде посочено дека се она што добро и случува на Република Македонија

денес, најверојатно немате сеуште намера да трошите енергија да негирате се и сешто, по вчерашната прес конференција, тоа што имавме заедно со Шефот на Мисијата на ММФ, дека наводно се започнало некаде 2003 година, 2004 година итн.

Еве едно прашање господине Поповски.

Се сеќавате колкав беше буџетскиот дефицит. Сега за бхуџетскиот дефицит зборуваме, бидејќи вие спомнавте, како тенденција почнал да се намалува во 2003 година. Дали се сеќавате колкав беше буџетскиот дефицит во 2000 година, пред конфликтот во 2001 година? Да ве потсетам, беше плус 4,6%. Значи, имаше суфицит во Буџетот во 2000 година од 4,6%, што премина во дефицит во 2001 година заради несреќните случувања, што има негативен одраз во македонската економија.

Во врска со девизните резерви, мислам дека беше надвор од контекст вашата пофалба на она што јас сум го изјавил, напишал, кажал итн. Вие добро читате тоа што се мои ставови и пред неколку години дека девизните резерви над едно оптимално ниво си имаат своја цена. Ние економистите и јас и вие знаеме како да ја пресметаме таа цена и тука најверојатно сме се разбрале.

Овде, со постаспувањето со девизните резерви, предвремената отплата на долговите како највисока стапка, вие ја вадите надвор од контекст. Еве едно мало објаснување.

Ние не ги отплативме долговите пред време со тоа што сме зафатиле во штедната книшка што вие сте ја депонирале, па сте ја оставиле во наследство, дека тоа е дел од продажбата, од приватизацијата на ЕСМ во однос на дистрибуција.

Вчера од господинот Грифиц слушнавте дека иако се отплатени над 300 милиони долари пред време, долгови на Република Македонија спрема странство, девизните резерви ни за евро не се намалени. Значи, компензацијата, или ние сме ги плаќале пред време долговите, затоа што правилно сме процениле уште кон крајот на минатата година дека ќе има приливи на девизниот пазар на Република Македонија што ние можеме паметно да ги искористиме, со еден удар две муви, и девизните ерзерви останаа на истото ниво и заштедивме во Буџетот на име отплата на камати, преку шест милиони евра. Еве ја добивката за македонските граѓани, двојна.

Благодарам на прашањето, мислев дека не треба да трошам време денес, тоа е повеќе пратеничко прашање и повеќе би ценел утре да ми го поставите, на пратенички прашања, отколку денес, за оваа дилема сега предвреме отплаќаме долгови, а во исто време се задолжуваме. Навистина, утре би потрошил повеќе време, не сега, затоа што тоа не е во доменот на точката на дневен ред за измените и дополнувањата на Буџетот. Ако го поставите утре ќе ви одговорам на тоа прашање. Одговорот е на друго место.

Ние отплаќаме долгови. Тие кредити што биле земени во минатото биле врзани, дали со техничка помош, дали со некои грантови итн., сега останале само средства за отплата односно обврски за отплата со релативно високи каматни стапки, некои од нив во доларски износи со варијабилни каматни стапки. Тука морам да ви заблагодарам, сте направиле прилично добра работа што сте оставиле простор за развој на Секторот за управување со јавниот долг. Таму навистина имаме голем капацитет. Тој Сектор за управување со јавниот долг, направи она што вие сега го негирате, ја подготви, ја предложи, министерот ја поддршка оваа политика која помага на македонската економија и на македонските граѓани. Толку во врска со овие прашања.

Данокот на добивка, во март го пријавиле фирмите затоа што уплаќале пониски аконтации во текот на минатата година. Еве која е мојата хипотеза. Вие изразивте една хипотеза, а знаете која е разликата меѓу хипотеза, теза и теорија. Хипотезата не е докажана, не е докажлива, барем во моментот. Не се согласувам со вашата хипотеза.

Мојата хипотеза е дека конечно под број еден, претпријатијата во Република Македонија се мотивира правилно да ги искажуваат приходите и расходите, односно да ја декларираат добивката, да не си играат со државата затоа што знаат дека нивните средства што ќе им служат како данок ќе се вратат во економијата и тие не сакаат да немаат мирен сон. Нели е тоа еден тренд кој треба да го поздравиме, затоа што во минатото минорни беа приходите од овој извор, а сепак гледаме дека претпријатијата остваруваат позитивни финансиски резултати. Мојата хипотеза е таа и ние можеме овде да се спориме, веројатно не ќе можеме да се согласиме околу вистинитоста.

Сега пак една корекција која фактички е неточна.

Рековте дека ТЕЦ "Неготино" наводно бил докапитализиран со 20 милиони евра. Прво да ги кажам дека не се работи за 20 милиони евра, туку се работи за 13,5 милиони искористени средства од финансиската инекција која беше обезбедена за набавка на мазут, во текот на декември минатата година, за да може да работи ТЕЦ "Неготино", да го дополни енергетскиот биланс на Република Македонија. Значи, 13,5 милиони евра кои не отидоа кај ТЕЦ "Неготино" туку отидоа кај МЕПСО. МЕПСО е државна компанија. Толку за сега.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Три минути реплика за госпоѓа Славица Грковска.

**Славица Грковска:** Почитуван министре, јас сакам да ви се заблагодарам за тоа што ја информиравте јавноста и пратениците дека Министерството за финансии целосно стои зад

овој предлог, заради тоа што морам да кажам дека, имајќи го предвид вашето однесување во текот на општата расправа за Буџетот кога и покрај тоа што ве повикувавме да одговорите на одредени прашања, вие не го правевте тоа и стекнавме впечаток дека не се согласувате со одредени политики кои се реализираат преку Буџетот на Република Македонија. Бидејќи сега рековте дека целосно стоите зад овој буџет, тогаш ве молам да ми одговорите на следните прашања:

Прво, зошто и покрај тоа што укажувавме дека е спорна одредбата од членот на Законот за извршување на буџетот, за која самиот суд се произнесе дека обезбедува екслузивно право на одредена група на функционери од централната власт, за приватни намени кои се однесуваат за одржување на нивните имоти во странство и долговите на тоа одржување, дозволивте отплаќање средства од Буџетот на Република Македонија за одржување на имотите во странство на Веле Самак, Глигор Ташковиќ, Перо Димшоски, Виктор Мизо, Иво Ивановски и други функционери избрани и именувани од страна на Владата кои доаѓаат од странство. Бидејќи вие стоите зад Предлогот на буџетот, одговорен сте, ве молам да ми одговорите колку точно средства до сега се извоиле за подмирување на приватни намени на овие избрани и именувани функционери и што ќе се случи кога ќе стане правосилна одлуката, дали тогаш ќе ги принудите да ги вратат, или пак ќе им одземете од платата на овие избрани и именувани функционери. Значи, која ќе биде вашата мерка како министер за финансии откако ќе влезе во сила одлуката, кој ќе ги сноси последиците, политичката одговорност за таквото прашање кое беше изгласано во овој законодавен дом, а по ваш предлог, заради тоа што вие стоите зад него, што вие преземавте за за да го спречите ваквото незаконско и противуставно регулирање на ова прашање.

Второ, дали сметате дека е целисходно да инвестирате во спортски сали, во Висото образование, за да прикриете изградба на спортска сала која ќе го носи името на вујкото на премиерот. Дали е тоа за вас доволно етички и дали ваквата мерка или ваквите мерки не ги преземате само да ја затскриете личната амбиција и решавањето на фамилијарните прашања на премиерот Груевски.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Во однос на член 12 од Законот за извршување на буџетот, само да ви кажам дека по моите информации, поведена е постапка од страна на Уставниот суд на Република Македонија и ние не знаеме како ќе заврши, кој ќе биде крајниот исход.

Госпоѓице Грковска, јас сакав да ви одговорам затоа што истото прашање го поставивте и во вашата дискусија, но добро е што уште еднаш го поставувате, во врска со износи, платени средства итн.

Кога станува збор за буџетски корисници од вториот ред, министерот за финансии ниту има можност, ниту е должен да знае колкави се износите што се исплатувани. Еве јас на пример немам увид колкава е нашата плата, по која основа ви се исплаќа, кои се надоместоците кои ви се исплаќаат. Тоа не го знам за ниту еден пратеник. Оттука, овде ниту морам да знам, ниту во моментот можам да ви презентирам.

На вашето директно прашање, што ќе стане доколку, наводно, ако Уставниот суд донесе одлука каква што веројатно има намера да донесе, ќе се постапи според законите во Република Македонија.

На второто прашање, во врска со спортските сали, можам да ви дадам одговор доколку поставите прашање што се однесува на финансиските аспекти од реализацијата на овој проект. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам министре.

Три минути реплика за господинот Слободан Најдовски, повелете.

**Слободан Најдовски:** Благодарам потпретседателе.

Пред да почнете да ми го мерите времето, една процедурална забелешка за што требаше вие да реагирате.

Господинот министер, не знам што му е, кога се во прашање пратениците, не знал колкава е плата на пратениците, не знал колку пари земале. Мислам дека со тоа директно ги навредува пратениците. Нашата плата е јавна, господине министре и жалосно е ако вие не знаете. Нашата плата ја знае целата јавност и може секој да процени колку ние од таа плата и кој наш стандард го имаме.

Ве молам, бидејќи вие сте познат по тоа, повеќе да не се мешате каде што не ви е местото.

Втора работа, ние знаеме колкава е вашата министерска плата и се прашуваме пак како со толкава плата министерска, имате таков стандард во последно време, а нашата плата се знае колкава е, не е тајна. Таа е околу 46 илјади или 47 илјади, зависно кој колку има стаж. А за вашата плата и вашиот стандард не соодветствува на вашата плата.

Сега сакам за две работи да ви реплицирам господине министре.

Прво, господине министер, излезете со бројки кога зборувате, така ви лични како министер за финансии.

Еве ќе го земам за пример данокот на добивка. Кажувате колку сте биле јаки сега и колку сте собрале и тоа не било резултат на 2006 година, туку на вашите сега, измени на законот. Споредете ги бројките.

Прво, не е точно дека секоја година не се зголемува данокот на добивка, од 2003 година наваму. Ова е документот кој вие ни го дадовте и во него тоа стои.

Второ, што сакам да ви кажам е следното:

Во 2006 година, за првите девет месеци имаше 56% повеќе во однос на 2003 година, пораст на приходите од данокот на добивка, а 39% во однос на планираните. Тоа е 2006 година до 1 октомври додека вие започнавте да раководите. Сега вашите резултати се следни, господине министре: 51,4% во однос на планираниот, 23,9% во однос на 2006 година. Послаби сте господине министре, послаби сте во однос на резултатите. Бројките се немилосрдни. Тоа ќе го зборуваме и во однос на останатите приходи.

И следна работа што сакам да ве прашам за тие компјутери во училиштата.

Господине министре, поништете го тендерот, бидејќи вие го прекршивте законот и треба надлежните институции, ако го спроведуваат законот, за тоа да покренат иницијатива. Вие сами кажавте дека над 8 милиони евра или долари, колку тоа го кажавте незнам, понудата е поголема од она што ги планиравте средствата. Законот за јавни набавки е стриктен. Не може буџетска организација да објави тендер ако нема предвидени средства. Вие тоа сте го направиле и веќе тендерот го сметате за завршен. Господине министре, го прекршивте законот. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Најдовски.

Господине министре, контра реплика, или збор.

**Трајко Славески:** Немам.

**Бесим Догани:** Следен за реплика е господинот Оливер Спасовски, повелете.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Можеби и вие господине министре не заслужувате да ви реплицираме, но заради македонската јавност, мораме да кажеме некој збор.

Прво, морам да констатирам дека секој настап пред Собранието го користите за да можете да ги понижите пратениците во Собранието.

Морам да ви кажам дека тоа што го кажавте како добар професор со почит стои пред своите студенти, тоа е точно, меѓутоа на Економскиот факултет. Овде во Собранието треба да бидете добар министер, кој ќе стои понизно пред овие пратеници, како добар известител за сопствената работа, за да поднесе извештај за многу прашања кои овде беа покренати. Да кажете како обезбедивте пари за Инвест-Македонија, да кажете како правевте кратки спотови без претходни тендери, како им дававте непосредни спогодви за МЕПСО, како и на кој начин ги направивте исплатите со одреден договор кој постои во Владата, за овие господа кои ги донесовте од странство, како министри итн. Тоа е добар министер кој одговара пред Собранието, затоа што овие луѓе овде ви даваат мандат и тие се оние кои ве задолжија да работите во името на граѓаните на Република Македонија, за што граѓаните сите нас не задолжиле на изборите. Вие одбравте таква варијанта, инаку бевте пратеник, можевте овде слободно да седите и вие да поставувате прашања на одредени министери кои ќе бидат избрани на функцијата.

Инаку, за тоа што и како нудите со Ребалансот на буџетот, исто така морам да ви кажам се однесувате како еден добар професор, само една добра теорија која ја пишувате во книги, а во суштина нема ништо. Немате ставки во кои што ќе видам дека ќе го решите проблемот на стечајците кои четири месеци ви се пред Собранието. Немате ставка во која што гарантирате зголемување на пензиите, не само пред избори, туку сега во ребалансот на Буџетот. Немате одредби во кои што ќе кажете дека ги решавате проблемите во здравството. Немате ставки во кои што ќе се пофалите дека во земјоделието ќе направите нешто суштински освен популизмот што го следите понатаму. Мислам дека не треба повеќе да говориме за тој однос, туку треба навистина да се преиспитате за сите настапи кои што ги имате, реков, со понизност да пристапувате кон секој пратеник во Собранието на Република Македонија, без разлика дали е од опозиција или позицијата, за оној човек кој што ви дал мандат да уживате во привелегиите, кои што си ги зголемивте на некоја од претходните седници на Владата, ама за тоа утре.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Спасовски.

Следен за реплика е господинот Азис Положани, повелете.

**Азис Положани:** Јас не сакав со мојата реплика да се вклучам во дебатата меѓу двајцата, кои што едниот е сегашен министер за финансии, другиот претходен министер, бидејќи тоа според мене беше една расправа, која што беше компетентна и сигурно аргументи, тези, хипотези и тн. добро е да се слушнат во Собранието и би било многу добро сите да придонесуваме во таа насока и на тој стил да се разменат документи и да не придонесуваме кон попуштање на нервите и на снижување на комуникацијата, која што не е добра за достоинството на Парламентот.

Инаку, јас сакам само со две-три реченици да укажам на една состојба поготово со многу често спомнатиот проект за компјутеризација на училиштето, како многу висока придобивка или проекција на оваа Влада, која што ги заменува сите реформски зафати, сите потребни реформи во образованието и која што е алфа и омега во овој дел. Јас сакам да се придружам кон сите тие, а кои што не се само во Собрание, но луѓе кои навистина го следат образованието, ги знаат реформите во образованието, што тие значат, и што е придонес во информатичката технологија во образованието, што е сигурна неминовност и

треба да ја има, веќе е започната со динамика и со модалитети кои што се реални, имајќи ги предвид нашите околности, но кои што за жал сега се пристапува кон еден комерцијален пристап на оваа идеја, затоа што овој проект не е педагошки целисходен, господине министре. Овој проект не е технолошки издржлив, поради многу, не би сакал да должам зошто и тн., не е инфраструктурно можен и сигурно не е стратешки така вклопен да биде конзистентен со општите реформи во образованието. Како таков мислам дека ќе биде грешка, таков каков што е измислен, а ако има време да се корегира, да се дотерува и да се стави во функција и на поквалитетен образовен систем и на постепено подобрување на образованието и целосните реформи во образованието. За крај да кажам дека ова не е само мое лично мислење, мислење е и на многу други кои уште подобро ја познаваат оваа материја и незнам зошто се опстојува на нешто кое што очигледно веќе не држи вода, а од друга страна интернетизацијата, интернетот на училиштата од септември е веќе под ризик, затоа што нема средства во никој сегмент планирани за одржување на тоа што досега УСАИД го плаќаше. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Положани.

Три минути за реплика има госпоѓа Верица Филипова, повелете.

**Верица Филипова:** Почитувани присутни,

Се јавив за реплика околу известувањето односно дискусијата на министерот Трајко Славески дека вчера на Македонија убави работи и се случувале. Колеги, во Македонија беснеат пожари, целата држава е во оган, на штипска Плачковица горат 700 хектари шума. Од вчера имаме пет нови пожари. Републиката е во пламен, како режисерот Љубиша Георгиевски што режираше еден филм во далечната 1968 година. Вчера имавме три часа блек аут во енергетскиот систем. Вчера прв пат по 30 години дојде прекин на енергетскиот систем во Република Македонија. Поради недоговорно, нестручно и криминално работење на надлежните институции. И, министерот ни изјавува дека вчера, замислете, убаво и се случило на Република Македонија. Неможам, а да не споредам со Марија Антоанета и нејзината изјава на народот кога почнала француската револуција, ако немаат леб, нека јадат колачи. Господине минситер, дали вие живеете во Република Македонија или на некое изолирано острово.Навистина многу сум изнвервирана од оваа ваша изјава, кога цел народ ни се смее овде, кога луѓето се грижат за нивната иднина и судбина, вие изјавувате дека убаво и се случувало на Македонија. Кризна состојба, без противпожарни возила, без гасење на пожар, кој е виновен, опозицијата. Како да не, опозицијата. Виновна е Владата, не презема навреме соодветни мерки, адекватни мерки, работи нестручно, тоа сите го знаат. Меѓутоа, вашиот обид за дефокусирање на јавноста нема да ви помине овој пат. Не им давајте колачи на народот, дајте му леб. Благодарам. (Реакција од пратениците.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Реплика има Благородна Цветковска.

Ве молам, немојте да дофрлувате од место. Тоа го велам. Господине Макрадули, ве молам немојте да дофрлувате од место, тоа важи и за господинот Ѓорчев и него го опоменувам.

Цветковска Благородна не е тука.

Господинот Поповски Никола има три минути за реплика, повелете.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Потпретседателе, навистина мислам дека треба малку повнимателно да ја водите седницата во врска со тоа што се случува во салата.

Би сакал колку што дозволува времето од три минути на она излагање на господинот Славески да ги соопштам следниве мои видувања.

Прво, господин Трајко Славески, тоа што го кажавте со девизните резерви апсолутно е неточно, затоа што вие знаете дека девизните резерви се состојат од средствата на Народна банка и депозитот на Министерството за финансии. Точно е дека девизните резерви продолжуваат да растат, меѓутоа расте делот на Народната банка. Девизните депозити на Министерството за финансии ги топите и тоа е предвремена отплата која ќе заврши на крај девизните резерви да се само средства на Народната банка на кои вие немате никакви овластувања. Па, би бил затоа повнимателен како тоа оди. Нема да зборувам за тоа дека добивката е минорна, ви кажа господинот Слободан Најдовски, погрешни сте, мислам огрешно интерпретирате, добивката расте секоја година во Буџетот со значителни средства, со стотици милиони ви кажаа и примери и како минстер за финансии наместо да мислите дека предавате на студентите, треба да се концентрирате малку повеќе на тоа што го кажувате од говорницата како министер. Мора да сте прецизни, кажувате неточности и јас сум загрижен дали вие сакате да оставите впечаток пред некој слушател или навистина тоа го мислите. Ако ви е впечаток пред слушателите на телевизија, мислам дека може да помине. Меѓутоа, институцијата Парламент и настап на министер не дозволува такво импровизирање за кое што, за жал, мислам дека почна да се случува.

Трета работа ТЕЦ Неготино и од тоа што вие го кажавте го докапитализиравте дефинитивно и тоа е совршено јасно. Ако на една фирма и дадете суровини без пари, а и дозволите цената да си ја наплаќа од тоа што го добила како суровина без пари на пазарот по иста цена, значи таа има капитализација. Ме изненади што кажавте примерот со платите, ако не знаете еве јас ќе ви кажам дека ние имаме плати за 7% помали од

вашите, а вашата е за 12% помала од платата на потпретседателот, па пресметајте колку се платите.

И, последно, многу сум изненаден, очекував дека како министер за финансии сте застанале зад Буџет кој има поголема економска функција, со тоа што изјавивте дека вие целосно стоите и вие сте го предложиле, неможам да сфатам зошто министер за финансии води сметка за музеи, восочни фигури и тн., а не за економската состојба во државата. Ценам дека сепак не е точна вашата изјава, мислам дека се обидувате да ги заштитите вашите колеги, премиерот, вашиот потпретседател Ставрески и тн. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Поповски.

Контра реплика за министерот за финансии. Повелете.

**Трајко Славески:** Господине Поповски, она што јас го кажав концентрирано во пет до шест минути, вие зборувавте повеќе од час време. Ако се пресмета колку потрошивте од она што се трошоци на Собранието, навистина може малку да ве заболи главата. Тоа е прва работа.

(Реакција од пратениците).

Во врска со платите очекувам дека пратениците кои што се концентрирани тие ги разбираат работите и во контекст, затоа што всушност тоа треба да се очекува. Јас тоа го спомнав само фигуративно дека неможам да знам, не ме интересира колку се издатоците за одделни ставки, затоа што се однесуваше на едно конкретно прашање.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине минситер.

Три минути за реплика има господинот Јани Макрадули. Повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам.

Изгледа во право бил господинот Груевски што му имаше забрането на претставникот на предлагачот да зборува овие четири дена, за да не скине некоја зелена, ама очигледно капацитетот е тој и не може да се издржува (бурна реакција на пратениците) и затоа по седми пат.. (министерот Трајко Славески излезе од салата). Предлагачот да дојде.

**Бесим Догани**: Во ред, пет минути пауза.

Ви благодарам.

(По паузата седницата продолжи со работа во 17,31 часот)

**Бесим Догани:** Продолжуваме со работа.

Три минути за господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе, ќе повторам од почеток, очигледно бил во право господинот Груевски што му дал забрана и препорака на претставникот на предлагачот да не зборува и одговара во сите овие 4 дена за да не скине некоја зелена, но, очигледно капацитетот не издржа и во свој стил по седми пат ги навреди сите пратеници, без разлика дали се од опозиција или позиција.

Во однос на тоа што го кажа дека треба да сме почестени што стои пред нас, ве уверувам господине Славески дека вие сте последниот некој кој можеме да го сметаме дека сме почестени. Ниту вашето однесување ниту со ова што го правите година дена сте тој од кој треба ние да сме почестени.

За жал, проектот компјутер за секое дете е проект кој е надвор од законската процедура во Република Македонија. Прво, бидејки надвор од Законот за јавни набавки е распишан јавен повик без да има обезбедени средства, а доказ за тоа е изјавата на господинот Ставрески од 6.06.2007 година што самиот потврдува дека дел од средствата ќе се обезбедат со ребалансот на Буџетот за 2007 година, а дел од 2008 година.

Значи, во моментот кога бил распишан тендерот, средства не биле обезбедени.

Второ, средствата што и со овој ребаланс се обезбедуваат се недоволни, се некаде 12 милиони евра вкупно, а знаеме дека најмалата понуда која во овој момент го доби тој тендер изнесува 24 милиони евра. Притоа на јавното отварање на тендерот претседателот на Комисијата за јавни набавки не го соопштил Буџетот на набавката, што исто се коси со Законот за јавни набавки и банкарската гаранција на избраниот изведувач на набавка не била во износ од 3%, според тендерската документација.

Тие се незаконските работи што се направени во врска со вооj тендер, а практичната имплементација е исто една небулоза која е смислена во нечии глави. Вие ќе донесете ефтини компјутери на работните места на пример на часот по историја, но што како содржина има да се понуди на децата да работат на тие компјутери. Колку ќе чини поврзувањето, колку ќе чини одржувањето, колку ќе чини сервисирањето и кој за тоа ќе биде одговорен. Реков зборот компјутер е премногу тренди и (поради сигналот за истекување на трите минути за реплика, не го разбрав зборот) делува на ВМРО-ДПМНЕ и затоа го користат и кога треба и кога не треба. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Макрадули.

Реплика има господинот Влатко Серафимов, повелете.

**Влатко Серафимов:** Почитуван господин потпретседател, почитувани колеги пратеници,

Јас би сакал на кратко да се осврнам на излагањето на министерот за финансии кој кажа дека било финансиска инекција од 13,5 милиони за МЕПСО.

Почитуван господин министер, ако тие 13,5 милиони ги наменевте во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, тогаш овие луѓе карши

Собрание и пред да се качите во вашиот мерцедес ќе ги погледнете и ќе ги видите, нема да седат тука на овие горештини да трпат за вода и леб. Затоа имавте поразумни методи и одлуки да донесете тие 13,5 милиони да ги намените за вистински цели.

Што се однесува до платата на пратениците, платата на пратениците е 10% пониска од вашата плата. Ако дојдовте да зборувате тука дека ние пратениците злоупотребуваме и трошиме државни средства, кажете ми господине министер вие колку ја чините Република Македонија еден месец со вашата плата, со вашиот мерцедес, со вашиот телохранител, со вашиот возач и со вашиот цел апарат. Ние пратениците сме и возачи и сервисери и се друго.

На крај, сакам да ве потсетам и за една друга работа. Зборувавте дека за секое дете ќе има компјутер во училиштето. Не е лошо да прошетате, меѓутоа, нема да можете со мерцедес да прошетате по тие села затоа што таму нема асвалтиран пат, затоа што таму не можете да одите со такво луксузно возило, ќе ви треба теренско возило, за да се уверите дека училиштата немаат ниту струја, а камо ли компјутер.

Затоа ви препорачувам прошетајте, не само по монденските места низ Европа, туку да одите и во делови од Република Македонија кои не се развиени и делови од Република Македонија кои живеат во услови како што некои пратеници колеги го кажаа во 19-от век. Дури тогаш ќе сфатите дека компјутери не се потребни на тие деца, туку е потребна електрична енергија и згради во кои ќе можат безбедно да учат. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Серафимов.

Господинот Матоши процедурално, повелете.

**Ружди Матоши:** Благодарам господине претседавач.

Парламентарната група на ДПА бара да продолжиме со седницата додека заврши оваа листа која ја гледаме пред нас, денеска да завршиме со расправата околу Предлог ребалансот на Буџетот. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Матоши.

Имате поддршка од повеќе пратеници.

Јас би ги повикал службите да ни достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците)

Господине Матоши во салата нема доволен број пратеници за да го ставам вашиот предлог на гласање.

Во салата во моментот се 46 пратеници.

Процедурално Владимир Ѓорчев, повелете.

**Владимир Ѓорчев:** Благодарам потпретседателе, Сакам нешто да констатирам, а тоа е што повеќе месеци, очигледно, а тоа е дека имаме континуирана ситуација каде десетици, десетици, десетици пратеници од опозицијата од СДСМ од ЛДП и од ДУИ ги нема на нивното работно место. Погледнете, нека видат сите македонски граѓани кој е тука, а кој не е на неговото работно место.

(Реагираат пратениците од опозицијата)

Господине Николов, госпоѓице Грковска секој пратеник е избран и платен од македонските граѓани да присуствува на своето работно место. Ние имаме ситуација каде одредени пратеници со денови ги нема на нивните работни места. Погледнете кој е, а кој не е на своето работно место. Имаме ситуација каде десетици пратеници ги нема на своите работни места.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Ѓорчев.

(Бурна реакција од страна на пратениците од опозицијата)

Пред да му дадам процедурално на господинот Алити би го исправил господинот Ѓорчев, господине Ѓорчев грешите, во салата има по еден претставник од сите партии кои ги споменавте. Не повеќе од еден.

Повелете господине Алити.

**Рафис Алити:** Ви благодарам господине Догани.

Се согласувам со вашата констатација дека од сите партии има по еден претставник иако претставниците од опозицијата до сега беа во голем број, но мојот претходен говорник Ѓорчев да не ја бара вината кај опозицијата, треба да ја побара кај позицијата, бидејќи оваа Влада ја сочинуваат 18-20 лидери на партии по еден пратеник или двајца. Кога имаме вакво мнозинство, неслучајно, ни се случува ова што вие немате 61 пратеник како мнозинство во оваа сала за да ги гласате вашите предлози кои вие ги предлагате и треба да ги исзгласате.

Вината побарајте ја кај самите вас, а не кај опозицијата,опозицијата беше присутна и расправаше. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Алити.

Процедурално госпоѓица Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Почитуван потпретседателе, јас не очекувам некои пратеници како што е господинот Ѓорчев кој ќе дојде во 16,00 часот на седница, да знае колку пратеници од опозицијата се во салата и колку придонесуваат за работата на ова Собрание, меѓутоа, очекувам вие да знаете и од вас не очекував ваков коментар како што го дадовте пред малку. Меѓутоа,очигледно покажувате поголема пристрасност во последно време спрема пратениците од власта и се правите глув дека не ги слушате нивните дофрлања и навреди кон пратениците од опозицијата и немате реакција да им укажете на нивното непристојно однесување во собраниската сала.

Сакам да кажам дека со оглед на тоа што третина од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ не е присутна,не е присутна цела пратеничка група на НСДП, не е присутна половина пратеничка груп ана ДПА, јас го повикувам парламентарното мнозинство прво да се запраша каде се нивните колеги, па потоа да води сметка за опозицијата.

Дали господинот Ѓорчев се плаши да праша каде е Тачи за да не му се случи истото што му се случи на господинот Иван Анастасовски, па после да биде загрижен за опозицијата.

Сакам да го информирам парламентарното мнозинство, меѓутоа и македонската јавност дека до сега во оваа една година се донесени преку 380 акти, одлуки и закони во овој собраниски дом кои не можеа да бидат донесени без присуство на пратеничката група на СДСМ заради тоа што парламентарното мнозинство е неспособно да обезбеди кворум, не способно да ги собере своите пратеници кои се повеќе заинтересирани за шопинг во Градскиот трговски центар отколку да седат во пленарната сала. Благодарам.

(Ѓорчев бара процедурално)

**Бесим Догани:** Пред вас е господинот Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Господине потпретседателе, искрено ми е жал што дозволувате кога во недостиг на аргументи или кога дебатата ќе почнеме да дискутираме по отворени прашања по однос на дневниот ред ќе се јави некој јастреб од типот на Влатко Ѓорчев кој не беше присутен на денешната седница до пред малку, дојде на оваа седница и почна да го нарушува редот кој постоеше во работата на Парламентот.

Очигледно и пречеше на владеачкото мнозинство пораката која ја отвори министерот за финансии и репликите кои следеа и потоа се премина на нивното сценарио, а секогаш е тука господинот Ѓорчев со изјавите од типот видете што прави опозицијата, а не гледајте што прави власта.

Но, господине Ѓорчев да ви кажам неколку работи жално е...

(Реакција во салата на предвремено одземен збор на Марјанчо Николов, пред истек на трите минути).

Господине потпретседателе времето течеше од претходниот дискутант кој се јави за реплика, секретарот не го рестартираше и затоа помина времето. Ве молам да внимавате барем и на овие работи кога веќе дозволувате седницата д адобие ваков тек.

Затоа би ве замолил да си ја довршам својата процедурална забелешка.

Господине Ѓорчев жално е што во македонскиот Парламент има и такви пратеници што својот углед или рејтинг го градат само по тоа колку ќе ја навредат опозицијата. Би ви советувал неколку работи, а тоа е повеќе време да поминувате во Паралемнтот, повеќе да поминувате со гласачите од изборната единица број 3 кои навистина имаат многу барања до вас и кои бараат да одговорите каде ви се ветувањата што ги дававте за време на кампањата и реално би ви советувал малку повеќе да го следите дневниот ред на Собранието и да ги читате законите, а не да се занимавате со тоа кој што работи во Парламентот.Вие имате мнозинство во овој Парламент, ја добивте довербата од граѓаните, треба да ги решавате нивните проблеми. Опозицијата си одговара за своето однесување. Вие одговарајте за вашето однесување и лично и на вашата партија. Вака како сте тргнати тешко и се пишува на Република Македонија и не знам каде ќе завршиме. Такви луѓе како вас и некои други не можат да и донесат добро на оваа држава. Мислам дека треба да размислите како се однесувате и како постапувате и што зборувате.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Николов.

За процедурално се пријавени уште господинот Ѓорчев и господинот Ќуркчиев.

Повелете господине Ѓорчев три минути.

**Влатко Ѓорчев**: Благодарам потпретседателе,

Од повеќе пратеници од СДСМ беше кажано и беше покренато тоа дали јас ја зборувам вистината или не ја зборувам. Беше кажано дека добар дел од пратениците на ВМРО-ДПМНЕ се во дуќаните во Градскиот трговски центар, дека пратениците на СДСМ се на нивните работни места.

Би замолил ако може камерата сега во моментот да покаже и да се види кој е, а кој не е на работното место, нека види цела Македонија. Каде се пратениците на СДСМ, а каде се пратениците на ВМРО-ДПМНЕ. 99% од рпатениците на ВМРО-ДПМНЕ се таму за каде што се избрани, за таму каде што се платени, во ова Собрание на нивното работно место, а пратениците на СДСМ, вклучувајки ја нивната лидерка се во САД, во кафулињата, во кафулето Плеј и на други места. Значи би ги замолил пратениците на СДСМ вклучувајки ја и нивната лидерка која во моментот е во САД, само не можеме да констатираме каде, дали во Масачуцец или во Флорида, да дојде, да си ги собере пратениците и да дојдат тука на нивното работно место за да ја работат онаа работа за која се платении да не ја обмануваат македонската јавност, да велат дека пратениците на ВМРО-ДПМНЕ се ваму или таму. Тие се на н ивното работно место, а прашањето е каде се тие.

**Бесим Догани:** Господине Ќуркчиев повелете три минути за процедурално.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам потпретседателе. Мислам дека е добро во овој момент работите да ги кажеме со вистинското име.

Колеги пратеници, тоа што сакам да го кажам е дека парламентарната група на СДСМ бара итна седница на Парламентот, затоа што, додека некои колеги пратеници кога ќе влезат во оваа сала

бараат да бидат кој е на работното место и дали можеби дискутирал или не. Меѓутоа, во овој момент Република Македонија има сериозни проблеми. Беснеат пожари на сите страни. Доколу за саат или два не се интервенира во Општина Гевгелија, голем број на населени места нема повеќе да ги има, како што е Миравци итн. Гори Ќафасан и да не ги набројувам. Ве молам, ние треба да бидеме сериозни во овој момент. Да ја работиме работата онака како што треба да ја работиме. Меѓутоа, исто така и државните институции да си ја гледаат работата онака како што налага законот. Не може Центарот за справување со кризи да има примопредавање кога Владата прогласи вонредна состојба, кризна состојба во Република Македонија. Апсолутно не е важно дали е Панде Лазаревски или некој друг, или е тоа во Дирекцијата за управување со кризи и спасување.

**Бесим Догани:** Госпоѓице Грковска, ве молам.

**Никола Ќуркчиев:** Ве молам, работата е пресериозна, барам поддршка и од парламентарното мнозинство, Парламентот да расправа што е тоа што се случило во Република Македонија. Не е можно толкав голем број на пожари случајно да се јавуваат. Дајте да видиме што ни се случува во државата. Многу попаметно ќе биде тоа, отколку да расправаме бесцелно како што некои колеги бараат. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Вашиот предлог како и предлогот на господинот Матоши не може да го разгледаме, бидејќи немаме услови за тоа.

Во салата во моментот се присутни некаде околу 54 пратеника или 55.

Добро, имаме време уште за последно процедурално, Серафимов Влатко. Повелете.

**Влатко Серафимов:** Почитуван, почитуван . . .

(Реакции во салата)

**Бесим Догани:** Повелете.

**Влатко Серафимов:** Почитуван потпретседателе, мислам дека ја прекршивте процедурата, бидејќи господинот Ружди Матоши даде конкретен предлог. Вие тој предлог требаше да го ставите на гласање, без разлика дали владеачкото мнозинство во Парламентот има кворум во тој момент, или не. Вие требаше да го ставите и да констатирате дека нема доволен број на пратеници и да заклучите дека предлогот на господинот Ружди Матоши не е усвоен. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам. Господине Серафимов, значи процедура, практика која секогаш ја почитуваме е, прво бараме да видиме дали има услови за гласање, бидејќи без услови за гласање предлогот не може да се изгласа. Тоа и го направив и реков дека нема услови за гласање и го отфрлив предлогот на господинот Матоши. Ви благодарам како и да е.

Госпоѓа Благородна Дулиќ. Повелете, процедурално.

**Благородна Дулиќ:** Господине потпретседателе, почитувани колеги. Мене не загрижува отсуство на минимум самокритика на парламентарците за нивната работа. Имам преглед на работење во првата година од минатиот мандат и од сегашниот мандат. Донесени се скоро исти број на закони. Меѓутоа, за нивно донесување во минатиот мандат се потрошени вкупно 53 дена, работни. Ве молам да ме сослушате и да не упаѓате. Во овој мандат за истата работа, за истиот учинок потрошени се 166 дена работни. Од тоа 16 седници по пет работни дена. За разлика од претходниот мандат каде што пет дена во една седмица се работело само во една седница. Што зборува тоа? Тоа зборува оваа листа што ја имаме овде пред нас пријавени дискутанти по исти точки кои што ги слушаме веќе пет дена. Ве молам не ми упаѓајте.

Тоа значи дека ние во овој Парламент сме непродуктивни, дека неи како Парламент сме за никаде. Не е тука работата позиција или опозиција. Секаде се смета целосен Парламент, сите парламентарци затоа што сите примаме плата. Не примаме ние ни динар повеќе затоа што сме тука во позиција, а вие помала плата. Според тоа, обврската и одговорноста за вашето работење, односно неработење, односно блокада, треа да се најдат причините, да седнеме сериозно да разговараме за тоа. Не ни е Владата за тоа виновна. Ние овде сме виновни што дозволуваме, како опозиција да ни се качувате на глава, сакате кворум, нејќте кворум. Излези, влези, број, пребројавај. Тоа не е работа. Со тоа не се мисли добро за граѓаните. Вие воопшто не мислите добро за граѓаните. Ме прашуваат комшии, после дискусии на некои наши колешки, вели, аман, можно ли е толку да го мрази својот народ. Излезете еднаш, провозете се со автобус, излезете одете пеш меѓу народот, да видите што мисли тој нардо за вас и за нас што седиме пасивно и не реагираме на вашите глупости што ги правите, вашите опструкции што ги правите на Парламентот.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓа Дулиќ.

Повелете господине Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Госпоѓа Дулиќ, сакам директно да ви кажам. Не е време за меѓусебно напаѓање. Но, само за да ве исправам.

Точно е, тој прв период од Парламентот во минатиот состав, што го кажавте и сегашниот состав. Но, едно не кажавте. Вие тоаш не бевте член на ВМРО-ДПМНЕ. ВМРО-ДПМНЕ го имаше напуштено Парламентот, без опозиција работеше овој Парламент, без ВМРО-ДПМНЕ и обезбеди кворум за да ги направи тие седници. Тоа е разликата што сакав да ви ја кажам. Шест - седум месеци ВМРО-ДПМНЕ не беше во Парламентот, ние обезбедивме мнозинство, работевме и брзо донесовме закони. Но, не е во тоа прашањето.

Јас би замолил да престанеме со меѓусебни препукувања. Секој нека си ја гледа својата работа.

На господинот Ѓорчев само една реченица ќе му кажам.

Господине Ѓорчев, бидете убедени дека од вас, ако не повеќе, ама дупло повеќе сум присутен во овој Парламент и не дозволувам такво нешто повеќе да кажувате, бидејќи се шетате постојано и не сте во овој Парламент. Проверете дека сум дупло повеќе од вас во овој Парламент.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Најдовски.

Тука ја прекинувам денешната седница.

Утре во 11,00 часот продолжуваме со 58-та седница, пратенички прашања. Ви благодарам.

(Седницата прекина со работа во 18,00 часот)